


ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

Konrad
Adenauer
Stiftung

# ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ ВО ЕВРОПА И МАКЕДОНИЈА

Оваа публикација е финансиски поддржана од ЕУ

# **ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ** НА МЕДИУМИТЕ ВО ЕВРОПА И МАКЕДОНИЈА

Декември 2016 година, Скопје

# Импресум:

**Наслов:**
Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија

**За издавачот:**
Насер Селмани, Здружение на новинарите на Македонија
Јоханес Д. Раи, Фондација Конрад Аденауер

**Автори:**
Д-р Марина Тунева
М-р Фиљана Кока

**Координација:**
Драган Секуловски, Здружение на новинари на Македонија
Давор Пашоски, Фондација Конрад Аденауер

**Дизајн:**
Марјан Делевски

**Лектура:**
Ирена Игњатовска

**Тираж:**
300 примероци

**Напомена:**
*Оваа публикација финансиски е поддржана од Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија и Европската Унија. Ставовите изнесени во оваа публикација не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер, Европската Унија и ЗНМ, туку се лични гледишта на авторите.*

# Содржина

## Дел 1


**1. Медиумската етика на глобално ниво: фактори на влијание и перспективи 9**

1.1 Неопходноста од глобална медиумска етика **9**

1.2 Концепти и вредности во дискусијата за етика на глобално ниво **11**

1.3 Фактори на влијание врз медиумската етика **13**

1.4 Предизвици во постигнувањето глобална медиумска етика **15**

**2. Постигнување одговорност во новинарството: анализа на практики и инструменти во Европа 17**

2.1 Концептот на одговорност во новинарството и неговото значење **17**

2.2 Медиумските системи и видови одговорност во новинарството **19**

2.3 Инструменти за медиумска одговорност и транспарентност – примери од Шведска и Холандија **24**

**3. Етика: практики, принципи и предизвици за етичко и одговорно работење во јавните радиодифузери во ЕУ 29**

3.1 Значењето на јавните радиодифузери и нивните основни вредности **29**

3.2 Меѓународни принципи и препораки за работењето на јавните радиодифузни сервиси **31**

3.3 Етички рамки во јавните радиодифузни сервиси – компаративен преглед **34**

**4. Предизвици во известувањето за сензитивни теми 38**

4.1 Одговорно и етичко известување за самоубиства **38**

4.2 Одговорно и етичко известување за малолетни лица **41**

4.3 Одговорно и етичко известување за конфликти **43**

4.4 Препораки во известувањето за маргинализирани групи и поединци **45**

# Дел 2

**1. Медиумската етика и саморегулација во Македонија** **49**
1.1 Саморегулација – конститутивно обележје на демократски медиумски систем **49**
1.2 Саморегулацијата во македонски услови и улогата на Здружението на новинарите на Македонија за нејзина промоција и примена (1946-2016) **50**
1.3 Улогата на ЗНМ во саморегулација во медиумите по осамостојувањето на Македонија **51**
1.4 Заложбите на ЗНМ за формирање СЕММ **53**
1.5 Основање на првиот совет за етика во медиумите **58**

**2. Постигнување одговорност во медиумите во Република Македонија, практики** **63**
2.1 Анализа на работата на Советот на честа на ЗНМ **64**
2.2 Како политичката клима влијае врз квалитетот на медиумската содржина **65**
2.3 Непочитување на презумпција на невиност **66**
2.4 Зачестени прекршувања на етичкиот кодекс **69**
2.5 Говорот на омраза во македонските медиуми **71**
2.6 Стереотипи во медиумското известување за Ромите **73**
2.7 Драстично опаѓање на квалитетот на медиумското известување **75**
2.8 Тренд на објавување непотврдени информации **77**
2.9 Краток преглед на работата на СЕММ **79**

**3. Етиката во Јавниот радиодифузен сервис во РМ** **81**
3.1 Саморегулација во Јавниот сервис во рамки на СФРЈ **81**
3.2 Саморегулацијата во Јавниот радиодифузен сервис по осамостојувањето **83**
3.3 МРТ и етичкиот кодекс на новинарите **90**

**4. Известување за сензитивни теми од практика на Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија и Советот за етика во медиумите во Македонија** **92**
4.1 Известување за самоубиства и судски процеси **93**
4.2 Известување за малолетници и од несреќи **94**

**5. Користена литература** **97**

Konrad
Adenauer
Stiftung

# ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

НА МЕДИУМИТЕ
ВО ЕВРОПА
И МАКЕДОНИЈА

# ДЕЛ 1

Д-Р МАРИНА **ТУНЕВА**

# 1. МЕДИУМСКАТА ЕТИКА НА ГЛОБАЛНО НИВО: ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ И ПЕРСПЕКТИВИ

## 1.1 НЕОПХОДНОСТА ОД ГЛОБАЛНА МЕДИУМСКА ЕТИКА

Во денешно време новинарството не може целосно да се разбере доколку се разгледува одвоено од глобализацијата. Самиот концепт на медиумска глобализација укажува дека не можеме да бидеме целосно сигурни дали медиумите довеле до глобализација или самите се резултат на тој процес. Во секој случај, „обезбедувањето привилегиран простор за медиумите во обликувањето на глобализираната иднина доведе до високи очекувања за меѓународното новинарство, сателитската телевизија и другите медиуми за обезбедување глобална работна јавна сфера, што ги прави лесна цел доколку не успеат во тоа"[1].

И покрај тоа што не нагласуваат експлицитно, многу аналитичари на медиумите се залагаат за постоење меѓународни заеднички стандарди на новинарската професија. Во државите на Европската Унија сѐ почесто се дискутира и за заеднички истражувања во сферата на медиумската етика надвор од националните граници, со што би се стекнале корисни сознанија за оценка на искуствата во самите држави.

Во денешно време сѐ поприсутна е дебатата за тоа какви треба да бидат новинарите и што треба да работат, а овие прашања речиси секогаш се поставуваат имајќи го предвид контекстот во кој функ-

1 Reese, S D. (2010) Journalism and Globalization. Sociology Compass 4/6: 344–353

ционира новинарството. Од друга страна, дискусијата за етиката во новинарството вообичаено не е убедлива поради различните вредности и толкувања што ги имаат луѓето. „Вообичаено постои конфликт меѓу начинот на комуницирање за кој поединецот смета дека е успешен и проценката дека тој начин не треба да се користи затоа што во етичка смисла на зборот тој е сомнителен“[2].

Несомнено, потребата за професионални етички стандарди во денешно време станува сè поголема. Поголемата слобода во медиумите подразбира помалку дефанзивно новинарство и поголема свесност за потребата од стандарди со цел да се обезбеди квалитет и да се избегне злоупотреба. Последиците од неетичко работење во ерата на глобална економија и брза комуникација се многу посериозни отколку во времињата кога штетата од неетичкото работење била изолирана и незабележлива. Етиката во медиумите произлегува од оние кои ги пишуваат и уредуваат вестите, од издавачите и сопствениците на медиумите, а подготовката на етичките стандарди е делумно лична, а делумно колективна одговорност. Оттука, произлегува дека ефективната подготовка и примената на етичките стандарди никогаш не можат да подразбираат надворешни извори на влијание.

Идејата за медиумска етика на глобално ниво, пред сè, произлегува од заложбите за промени, реформи или подобрувања на глобалниот медиумски систем со цел да се отстранат проблемите и нееднаквоста што произлегуваат од контролата и нееднаквоста. Во ера на глобални медиуми, темата за медиумската етика на глобално ниво се наметнува сè повеќе поради потребата од развивање рамка на принципи и стандарди за новинарската практика. Неретко, овие заложби наидуваат на проблеми поради тоа што реструктурирањето на медиумските системи се смета за контроверзно прашање, кое честопати поттикнува коментари за мотивите или агендата што стои зад идејата за контролирање на медиумите или за ограничување на слободата на говорот. Оваа дебата продолжува и во денешно време.

Критиките околу глобалната медиумска етика вообичаено се фокусираат на тоа дека локализирањето го доведува во прашање пос-

2 Johannessen, R.L., Valde, K.S., Whedbee, K.E. (2008) Ethics in Human Communication, Waveland Press

тоењето универзални вредности во етиката и новинарството. Од друга страна, се укажува дека универзалноста е апстрактен поим и претставува ограничен пристап кон етиката, што е нечувствителен на локалните различности. На практично ниво, луѓето се сомневаат дека медиумите ќе ги реализираат вредностите на глобалната медиумска етика во нивната работа. Затоа, неретко, иницијативата за глобална медиумска етика се смета за нереалистична.

## 1.2 КОНЦЕПТИ И ВРЕДНОСТИ ВО ДИСКУСИЈАТА ЗА ЕТИКА НА ГЛОБАЛНО НИВО

Во обидите да се адресира прашањето околу редефинирање на етиката на светско ниво, дел од експертите[3] предлага три основни вредности во медиумската практика во дигиталната ера: точност, искреност и грижа. Во компаративна студија за професионалните новинарски вредности[4], Томас Ханиш (Thomas Hanitzsch), Патрик Ли Плајсанс (Patrick Lee Plaisance) и Елизабет Скивис (Elizabeth A. Skewes) повикуваат на поголема рамнотежа во истражувањето на медиумската етика. Во периодот меѓу 2007 и 2009 година, со конзорциум на истражувачи од 20 држави, интервјуирани се 2.000 новинари, при што е заклучено дека сржта на нивното заедничко разбирање за професионалната етика лежи во објективноста, точноста и вистината.

Голем дел од истражувањата за медиумската етика се фокусирани на следново:

1. **работењето на медиумите и етичките прашања, како што се приватноста, објективноста, пристрасноста, чесноста и вистинитоста во новинарското известување. Притоа се анализира дилемата дали медиумските работници го направиле она што сметале дека е морално коректно и она што го наметнала професијата;**

3 Couldry, Nick (2013) Why media ethics still matters. In: Ward, Stephen J. A., (ed.) Global Media Ethics: Problems and Perspectives. Wiley-Blackwell, Chichester, pp. 13-28

4 Ward, S.J.A (eds) (2013) Global Media Ethics: Problems and Perspectives. Chichester, UK: Wiley-Blackwell

2. **содржина и форма на саморегулацијата (етички кодекси, совети за етика, омбудсман и сл.);**
3. **етиката како дел од моралната филозофија и теориите кои се обидуваат да изградат етички системи.**

Во основа, дебатата на глобално ниво околу медиумската етика се сведува на едно главно прашање, а тоа е следново: што е она што го прави новинарството да биде такво какво што е? Кои се влијанијата што придонесуваат за новинарските ставови и дејствија во однос на етиката? Без да се разберат овие влијанија, невозможно е да се подготват препораки за значителни промени.

Честопати, најголемите дилеми на новинарите се движат околу нивните лични обврски и одговорности, но и кон поединците или општествените групи. Во делото „Медиумска етика: случаи и морално резонирање"[5] се сумираат следниве пет категории:

1. **обврската кон самите себеси: следењето на сопствениот инстинкт и совест можеби на крај ќе биде најдобрата алтернатива во повеќето ситуации;**
2. **обврска кон публиката;**
3. **обврска кон медиумот, што подразбира дека честопати обврската кон работодавачот или раководството има приоритет над обврската кон поединецот или групата;**
4. **обврска кон колегите и стандардите за добро известување;**
5. **обврска кон општеството, односно почитувањето на правото на јавноста да знае и општествената одговорност станаа новинарски ангажман што понекогаш спречува лојалност кон која било друга група или поединец.**

5 Christians, C.G. et al (1995) Media Ethics: Cases and Moral Reasoning (2nd ed.). New York:Longman.

# 1.3 ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ МЕДИУМСКАТА ЕТИКА

Кога станува збор за етиката, повеќе фактори влијаат врз медиумските работници, а според тоа и на крајниот производ. Некои теоретичари во областа сметаат дека врз одлуките поврзани со тоа што ќе се објави најмногу влијае поединечниот издавач или креатор на медиумскиот производ. Други теоретичари, и покрај тоа што се согласуваат со овој пристап, сметаат дека поголемо влијание врз медиумите имаат економските, политичките и општествените фактори.

Во делото „Контроверзи во медиумската етика"[6] се укажува дека, и покрај тоа што надворешните фактори влијаат врз етичкиот живот на поединците, сепак, сè се сведува на поединечните морални вредности. Оттука, и крајниот производ зависи од нивните етички одлуки. Во истото дело, Дејвид Гордон (2011) тврди дека, и покрај тоа што поединечната етика игра улога во медиумскиот продукт, економските, политичките и општествените фактори влијаат врз медиумските работници на многу поможно ниво.

Според Гордон, ова е особено случај кога станува збор за поголеми медиумски корпорации или конгломерати. „Колумнист во Њујорк тајмс има многу помалку слобода да пишува за тоа што сака отколку новинар во мал локален весник. Економијата во продажбата на весниците доминира во однос на етичките одлуки"[7].

Повеќето теоретичари сметаат дека етиката е под влијание на поединецот или економијата, но и дека поединците истовремено може да се изложени на различни влијанија. Медиумската компанија има свој начин на реализирање на нештата, што етички може да е различно од бизнисот во мала, локална, средина. Оттука, етичките одлуки може да се под влијание на надворешни фактори, но на крај да се сведат на одлуката на поединецот и тоа што тој мисли дека е соодветно.

6 Gordon, A.D., Kittross, J.M., et al (2011) Controversies in Media Ethics (3rd ed.), Routledge.

7 ibid, 22

Во делото „Етика во новинарството“[8] се укажува дека кога се дискутира за етиката на глобално ниво примарни се три клучни влијанија: индивидуалното, културното и институционалното. За голем дел од денешните аналитичари, фокусот треба да биде на индивидуалното и на зацврстувањето на нивните карактеристики или, пак, на обезбедувањето соодветни вештини и алатки за да препознаат што е тоа што е добро, а што е лошо, со што и би се создале таканаречените морални заедници. Од друга страна, ставањето голем акцент врз индивидуалната автономија доведува до етички проблеми. Во средина каде што слободата се смета за предност, принципите како што се „доверливост“ и „одговорност“ добиваат второстепено значење. Мора да се има предвид дека „поединците не се изолирани острови и нивото на кое може да дејствуваат независно од други фактори може да биде пренагласено...Институционалните влијанија, а особено оние во новинарската индустрија, може да бидат неверојатно силни...или, едноставно, институцијата може да го промени поединецот, на добро или на лошо“[9].

Од друга страна, постои и нешто што се нарекува „вонмедиумско влијание“. Овде се мисли на влијанијата што произлегуваат надвор од структурите на медиумот. Според оваа перспектива, моќта во обликувањето на содржините не е одговорност на самиот медиум туку произлегува и од други институции во општеството, вклучувајќи ги власта, рекламните агенции, различните групи од интерес, а и други медиуми. Од критичка перспектива, „вонмедиумското влијание“ го насочува вниманието кон анализа на начините на кои медиумите се подредуваат на интересите на елитата во поширокиот општествен контекст. Иако новинарите свесно може да избегнуваат конфликт на интерес кој би влијаел на нивното известување, преку одржување професионална дистанца од нивната тема, сепак, нивните работодавачи може да имаат тесна поврзаност со поголеми корпоративни интереси или друг вид елитна поврзаност. „Во концептуална смисла на зборот, на ова ниво се случуваат широк спектар влијанија врз медиумите, но особено загрижуваат околностите

8 Wayatt, W. N (ed) (2014) The Ethics of Journalism – Individual, Institutional and Cultural Influences. I.B.Tauris & Co. LTD in association with the Reuters Institute for the Study of Journalism, University of Oxford,

9 ibid, 15

во кои тие влијанија се систематски, според однапред осмислена матрица на дејствување и се континуирани“[10].

Освен индивидуалните и институционалните влијанија, важно е и влијанието на самата култура. Тоа се однесува на фактот што новинарите се дел и припаѓаат на култура во која живеат и дејствуваат, што несомнено ги претставува нивните гледишта, ставови и вредности. Она што е етички прифатливо во една држава, може да се третира поинаку во друга. Во оваа насока, забележлива е голема разлика меѓу новинари од демократски држави и новинари од автократски држави. Во некои медиумски системи, процесот на продукција на вестите понекогаш е под влијание на културната пристрасност на медиумските работници. „Ова се случува кога медиумските работници, свесно или несвесно, се конформираат со прифатените норми во општеството и прават избор што е поразличен од тој на колегите во други држави поради нивните различни културни перспективи“[11].

## 1.4 ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПОСТИГНУВАЊЕТО ГЛОБАЛНА МЕДИУМСКА ЕТИКА

Во дискусијата за глобална медиумска етика се појавува несогласување околу тоа дали е потребно да се утврдат универзални вредности меѓу сите новинари. Всушност, се поставува прашањето дали воопшто постојат такви универзални вредности. Од друга страна, сè повеќе етичари се обидуваат да утврдат заеднички вредности, кои би биле претставени во различни документи, рамки и декларации на глобално ниво.

Според едно гледиште, не се потребни ниту универзални вредности ниту универзална согласност за веродостоен глобален кодекс. Во оваа насока, се укажува дека етиката не зависи од пронаоѓање или утврдување универзални вредности кои би ги признале сите рационални луѓе. Всушност, се смета дека правилниот пристап е

10 Reese, S. D (2001) Understanding the Global Journalist: a hierarchy-of-influences approach.Journalism Studies, Volume 2, Number 2, pp. 173–187

11 Nasser, M. K. (1983) News values versus ideology: A third world perspective. In J.Martinand, & A. Chaudhary, Comparative Media System (pp. 32-48). Broadway, New York: Longman.

да се утврди дали сите или повеќето заинтересирани страни се во можност да конструираат и да се согласат околу збир на принципи, преку чесен процес на разгледување.

Од друга страна, се чини дека постојат елементи на глобална етика. Кога се споредуваат етичките кодекси ширум светот, се забележува согласност околу основните принципи, како што се известување за вистината, избегнување пристрасност, разликување на вести и мислење и служење на јавниот интерес. Постојат голем број меѓународни декларации за принципи на работа во медиумите, а од особено значење е и развивањето меѓународен пристап во проучувањето на комуникацијата преку медиумите и новинарството.

Накратко, расправата околу новинарската етика на глобално ниво се повикува на неколку аргументи. „Прво, медиумите стануваат сè повеќе глобални. Фактите се познати. Медиумските корпорации се глобални компании. Технологијата на медиумите им овозможува веднаш да прибираат информации од далечни локации“[12]. На пример, досегот на Ал Џезеира и Си-Ен-Ен е далеку повеќе отколку само публиката во арапскиот свет и во Америка, што подразбира дека етиката мора да ја земе предвид глобализацијата на медиумите. Новинарската етика нема да има кредибилитет доколку не се вклопи во оваа нова комплексност.

Понатаму, глобалното влијание подразбира и глобални одговорности. „Извештаите, без разлика дали се пренесени преку сателит или интернет, стигнуваат до многу луѓе ширум светот и влијаат врз постапките на властите, војската и хуманитарните агенции“[13]. На пример, објавувањето карикатури на пророкот Мухамед во една држава, Данска, предизвика насилство ширум светот. Доколку не се известува соодветно, граѓаните на Северна Америка нема да го разберат насилството на Блискиот Исток. Пристрасните извештаи може да предизвикаат судири меѓу различни етнички групи. Сите овие примери упатуваат на потребата од разгледување на влијанието на новинарството надвор од националните граници.

12 Ward, S. J. A. (2008) Global Journalism Ethics: Widening the Conceptual Base.Global Media Journal - Canadian Edition, Volume 1, Issue 1, pp. 137-149

13 McPhail, T. L. (2006) Global communication: Theories, stakeholders, and trends. Malden, MA: Blackwell Publishing

Глобалните прашања и моќта на глобалните медиуми бараат медиумска етика што е глобална според нејзините принципи и разбирањето на медиумите. Креирањето глобална етика е важно бидејќи во глобалниот свет во кој живееме се наметнуваат нови и тешки предизвици со кои не може да се справи стариот, изолиран, систем на функционирање. Етиката која не е глобална по својата природа не може соодветно да ги задоволи потребите со кои се соочуваме во оваа модерна ера на глобални медиуми. „Но, со глобалниот досег доаѓаат и глобални одговорности“[14].

Сепак, оваа глобална одговорност не е соодветно рефлектирана во повеќето новинарски кодекси.

# 2. ПОСТИГНУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ВО НОВИНАРСТВОТО: АНАЛИЗА НА ПРАКТИКИ И ИНСТРУМЕНТИ ВО ЕВРОПА

## 2.1 КОНЦЕПТОТ НА ОДГОВОРНОСТ ВО НОВИНАРСТВОТО И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ

Проблемите со кои се соочува новинарството во денешно време, поаѓајќи од политичките притисоци до очекувањата на јавноста, бараат многу поголема одговорност од страна на медиумите. „Одговорноста е широк концепт, кој не е ограничен само на формално регулирање туку ги опфаќа и пошироките обврски на медиумите и начините на кои тие одговараат за својата работа во динамичната интеракција меѓу вклучените страни“[15].

Инструментите за медиумска одговорност, според Клод-Жан Бертранд (2000), се „сите недржавни средства за поттикнување одговорност на медиумите кон публиката“[16].

14 Ward, S.J.A (2005) Philosophical foundations of global journalism ethics. Journal of Mass Media Ethics (20-1), 3-21

15 McQuail, D.(1997).Accountability of media to society: Principles and means. European Journal of Communications 12 (4), 511-529

16 Bertrand, C.J (2000) Media Ethics and Accountability Systems, Transaction Publishers

Рапидниот развој на технологијата го смени протокот на информации не само во демократските општества на Западот туку многу повеќе, односно и во земјите во развој и земјите во транзиција. Во исто време, со оглед на тоа што навиките на публиката се менуваат, традиционалните бизнис модели во новинарството колабираат и пазарот на медиуми значително се менува.

Оттука, сè почесто се поставува и прашањето – кои воспоставени инструменти на медиумска одговорност се покажуваат ефикасни и во кој контекст? Дали секој медиумски систем охрабрува користење различни инструменти за медиумска одговорност од страна на медиумските професионалци и публиката на медиумите?

Целта на медиумската одговорност е „да се подобрат услугите на медиумите кон самата публика, да се врати довербата на публиката во медиумите, да се заштити слободата на говорот и медиумите, а и да се добие автономијата што е неопходна во новинарската професија во ширењето на демократијата“[17].

Во демократските општества, каде што слободата на медиумите и слободата на изразувањето се суштински елементи во функционирањето, новинарството се регулира само со малку закони, а државата не треба да учествува во контролирањето или набљудувањето на медиумите во демократијата. Според тоа, поголем дел од потенцијалните конфликти на полето на новинарството, како што се сензационалистичкото, дискриминаторното или пристрасното известување, не е опфатен со закони од формалните институции туку со професионални новинарски норми и етички кодекси. Во таа смисла, „кодексите се сметаат за неформални институции и служат за координирање на индивидуалните активности“[18]. Погледнато од економска перспектива, неформалните институции, како што се новинарските норми и етичките кодекси, се мрежни добра и „колку повеќе актери се вклучуваат толку помоќна и повредна станува таа институција“[19]. Придржувањето кон нормите како што се неформал-

17 ibid, 22

18 Coyne, C.J., Leeson, P.T. (2009) *Media, Development and Institutional Change*, Edward Elgar

19 Eberwein, T., Fengler, S., et al (eds) (2011) Mapping Media Accountability – in Europe and Beyond, Köln, Herbert von HalemVerlag

ните институции не може да се наметне од судот туку може да се реализира само на доброволна основа.

Од друга страна, институциите и организациите кои се надлежни за следење на медиумската одговорност наидуваат на различни предизвици во својата работа, а еден од најголемите проблеми е недостигот на нивна видливост. Неретко тие наидуваат и на игнорантен однос од страна на медиумските професионалци, кои знаат да ги наречат „лавови без заби", со што, всушност, го спречуваат натамошното промовирање на овие организации и институции во афирмирањето на концептот на одговорност во новинарството. Од друга страна, како што укажува професорот Стефан Рус – Мол (Stepher Russ – Mohl)[20], на институциите за одговорност во новинарството не треба да се гледа изолирано туку тие треба да се перципираат како систем или мрежа на инфраструктури кои служат за да ги подобрат заложбите за подобрување на квалитетот во новинарството.

Важно е да се согледа дека медиумската одговорност е многу повеќе отколку казнување на новинарското поведение. Овој концепт не се однесува само на критика, набљудување и проверка туку се работи за активен пристап пред и за време на процесот на продукција на вести, со што се создава транспарентност на сите нивоа. „Кога некој ќе постави прашање до медиумот да објасни или оправда некоја своја одлука, веќе е активиран процесот на медиумска одговорност"[21].

## 2.2 МЕДИУМСКИТЕ СИСТЕМИ И ВИДОВИ ОДГОВОРНОСТ ВО НОВИНАРСТВОТО

Пред да навлеземе во конкретна анализа и преглед на методите и инструментите за медиумска одговорност да се навратиме, накратко, кон карактеристиките на медиумските системи.

20 Интервју со професор доктор Стефан Рас – мол (Stephen Russ-Mohl), професор по новинарство и раководење со медиуми на Универзитетот Свизера италијана (Svizzera italiana) и директор на Еуропијан журнализам опсерватори (European Journalism Observatory) во врска со состојбата околу медиумската одговорност и перспективите за иднина, достапно на https://www.infona.pl/resource/bwmeta1.element.desklight-479a0122-55ec-4430-9d75-5f63495aa882/content/partContents/bd3ede8a-9211-3832-b046-08f8b70a97ab, пристапено на 1 декември 2016

21 Bon Krogh, T. (ed.) (2007) Media Accountability Today... and Tomorrow Updating the Concept in Theory and Practice, Nordicom, University of Gothenburg

Халин и Манчини (Hallin, Mancini, 2004) утврдиле три модели на медиумски системи[22] во Европа и Северна Америка: либералниот модел во Северна Америка и Велика Британија, со примарно комерцијални и пазарно ориентирани медиуми, демократско-корпоративен модел во државите од Северна Европа, со активно, но ограничено владино влијание и со комбинација на пазарно ориентирани и некомерцијални медиуми, како и со поларизираниот плуралистички модел, карактеристичен за земјите од Медитеранска Европа, со висок степен на владина интервенција, помалку развиени комерцијални медиуми и врски меѓу медиумите и политичките партии.

**Либерално-пазарниот модел** подразбира висок степен на професионалност меѓу уредниците и новинарите, кои, пак, не се организирани во голема мера, односно не постои централизирана национална структура за медиумска одговорност. Владата гарантира слобода на медиумите, но од друга страна, не се вмешува во нивната работа. Професионалната саморегулација, како што забележуваат Халин и Манчини (2004), во голема мера е неформална и се реализира во различни медиуми, но и воопшто е дел од самата новинарска култура.

**Демократско-корпоративниот модел**, кој вообичаено е карактеристичен за земјите од Северна и Централна Европа, подразбира дека државата има релативно активна, но ограничена улога во медиумската сфера. Халин и Манчини опишуваат дека комерцијалните медиуми коегзистираат со организираните политички групи, а најголем дел од новинарите се организирани во професионални организации и барем принципиелно би можеле да ги отстранат членките кои ги кршат етичките норми. Државите во кои функционира овој модел имаат тенденции на одржување релативно силни и формални системи на саморегулација на медиумите.

**Поларизирано-плуралистички модел**, кој е карактеристичен во медитеранските и јужноевропските држави, подразбира дека улогата на државата е силна, а практиката на новинарството во основа не е соодветно професионализирана. Новинарите во ретки случаи се организирани и постои мала согласност околу професионалните стандарди. На пример, во Италија формалното образование во новинарството е воведено во 80-тите години од минатиот век. Владата

22 Hallin, D.C., Mancini. P. (2004) Comparing Media Systems – Three Models of Media and Politics, Cambridge University Press

во овие држави игра главна и комплексна улога во медиумскиот сектор, а постои комбинација на авторитарен активизам, демократски влијанија и лични сојузништва меѓу медиумите и партиите.

Во анализата „Медиумска одговорност и отчетност: нова концептуализација и практики“[23], Бардоел и Хененс (Bardoel, Haenens, 2004) разликуваат четири вида одговорност, со тоа што секој има различен пристап, но не и заемно исклучувајќи, односно:

1. **политичка;**
2. **пазарна;**
3. **професионална и**
4. **јавна одговорност.**

Политичката одговорност се поврзува со законот и регулативата и е извршна. Пазарната одговорност подразбира дека медиумите се сметаат за одговорни и се проценуваат преку интересот на потрошувачите. Јавната и професионалната одговорност се саморегулаторни, што значи дека пристапот е доброволен. Јавната одговорност честопати се поврзува со индиректните притисоци и нејзината главна цел е медиумите да дејствуваат во име на општеството и доброволно да изберат улога на активен учесник во општеството. Професионалната одговорност е насочена кон медиумскиот професионалец.

Друг концепт кој е важен во овој контекст е и одѕивот на потребите и загриженоста на јавноста. Разликата меѓу одговорноста кон јавноста и одѕивот кон потребите на јавноста е што одѕивот се однесува на признавање на загриженоста на јавноста преку вклучување, учество и преку покажување ангажираност, додека одговорноста подразбира дека јавноста го смета медиумот одговорен за своето работење.

Во категоризирањето на инструментите за медиумска одговорност, исто така, е од корист доколку се направи разлика меѓу нивоата на институционализација. Во анализата „Мапирање на медиумската одговорност во Европа и пошироко“[24] се сугерира дистинкција меѓу високи наспроти ниски нивоа на институционализација и меѓу инструменти во рамки на самата професија и надвор од неа.

---

23 Bardoel,J.,d’Haenens,L.(2004). Media responsibility and accountability: New conceptualizations and practices.Communications,29(1),5–25.

24 Eberwein, T., Fengler, S., et al (eds) (2011) Mapping Media Accountability – in Europe and Beyond, Köln: Herbert von HalemVerlag

*Слика 1 подолу ја претставува таквата типологија.*




**Извор:** Преземено од Mapping Media Accountability – in Europe and Beyond

Според Рус-мол (2003) и Фенглер (2008), инструментите за медиумска одговорност во новата, дигитална, ера генерално може да се класифицираат како:

1. **Воспоставени системи на медиумска одговорност: совети за етика, омбудсмани, критика на медиумите во самите медиуми, писма до уредникот, објавување корекции;**
2. **Иновативни инструменти за медиумска одговорност онлајн: како што се уреднички веб-логови, веб-страници со кои се набљудуваат новинарските содржини (на пример, Бритиш меил воч (British Mail Watch) www.mailwatch.co.uk), веб-кастинг на внатрешни расправи за критика или состаноци на тимот (како што, на пример, се практикува во редакцијата на американскиот дневен весник Д споксмен ревју (The Spokesman Review) www.spokesman.com), омбудсманите онлајн (како што е германскиот „Бронски“ од дневниот весник Франкфур-**

**тер рундшау (Frankfurter Rundschau) www.frblog.de), медиумската критика на Фејсбук и Твитер, итн.**

Примерите на саморегулаторни механизми на одговорност се советите за етика во медиумите и омбудсманот. Во многу држави ширум светот сè повеќе се присутни советите за етика во медиумите, како еден вид механизам за обезбедување одговорност кон јавноста. Таквите совети се различни во однос на составот на членките, моделите на финансирање, обемот на надлежностите и процедурите на работа, но во основа нивната цел е да се обработуваат жалбите од граѓаните, а понекогаш и да се прават генерални проценки околу етички прашања во медиумите и нивното професионално работење. Освен што советите за етика се доказ за медиумска одговорност, тие се корисни и за да се заштити уредувачката слобода, да се намали влијанието на државата врз медиумите, да се промовира квалитет во новинарската работа, како и за да ѝ се помогне на публиката да добие пристап до медиумите.

Омбудсманот во медиумите е друг вид инструмент за саморегулаторна одговорност. Всушност, станува збор за некој кој вообичаено е вработен во печатен или во радиодифузен медиум со цел да се справува со жалбите од публиката и, според тоа, да служи како посредник меѓу медиумите и јавноста (Ettema&Glasser, 1987; Nemeth&Sanders, 1999; VanDalen&Deuze, 2006). Сепак, во некои држави медиумскиот омбудсман не профункционира или, пак, е под притисок поради недостиг на финансиски средства (Evers, Groenhart & Groesen, 2009).

Механизмите на професионална одговорност и одговорност кон публиката се сметаат за „меки" мерки и најчесто се преферираат од страна на медиумските институции и професионалците, со оглед на тоа што соодветствуваат на принципот на слобода на медиумите. Меквејл (1997) смета дека „поострите" мерки за одговорност имаат „застрашувачки ефект врз медиумите, кои стравуваат од економски и политички казни"[25]. Потпирањето на доброволна соработка со поголема веројатност има позитивен ефект врз медиумските професионалци. Исто како и во други корпорации, потребата од дијалог со јавноста е попожелен метод отколку казните или реализацијата на строги ограничувања.

25 McQuial, D. (1997) Audience Analysis, Sage Publications

## 2.3 ИНСТРУМЕНТИ ЗА МЕДИУМСКА ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ – ПРИМЕРИ ОД ШВЕДСКА И ХОЛАНДИЈА

Подолу претставуваме примери од анализата на системите на одговорност во медиумите во Шведска и Холандија.

Во ***Шведска*** функционални се различни системи на одговорност[26], а во овој контекст наведуваме некои од нив.

1. **Внатрешен систем на проверка во стилот „адвокат на ѓаволот", во услови кога почнува таканаречениот „лов на вештерки". Една од најчестите критики на медиумите во Шведска е дека тие повремено паѓаат во „спакуван менталитет" и се вклучуваат во таканаречениот „лов на вештерки". Како начин да се спречат тенденциите на претерување во оваа смисла, поединец на повисока позиција во редакцијата, откако ќе ги согледа таквите трендови, ја презема улогата на „адвокат на ѓаволот", преиспитувајќи ги доминантните „вистини" и укажувајќи на потребата од алтернативни објаснувања и сценарија;**
2. **Внатрешни „истраги" по контроверзни стории. Ова е систем со силен потенцијал за промени од страна на оние кои ја прават истрагата, со оглед на тоа што се запознаени со работата на редакцијата и уживаат голема доверба, но во ниту еден случај не се одговорни ниту, пак, вклучени во сторијата за која станува збор. Еден таков популарен пример е методот на истрага што е преземен од страна на Њујорк тајмс по аферата Џејсон Блер[27];**
3. **Панел за читателите, систем што голем број весници го сметаат за задоволителен. Гледиштата на членовите на тој панел се по-**

26 Von Krogh, T. (2008) Constructive criticism" vs public scrutiny: attitudes to media accountability in and outside Swedish news media Media accountability today... and tomorrow : updating the concept in theory and practice, Nordicom, Göteborgsuniversitet

27 Станува збор за ситуација во која вработен во Њујорк тајмс повеќекратно правел новинарски измами додека известувал за значајни настани, а тоа го открила истрагата во самиот весник. Откриените фабрикувања и плагијаторство се сметале за големо предавство на довербата и силен удар врз кредибилитетот на весникот со долга историја. Новинарот Џејсон Блер читателите ги водел во заблуда со фабрикувани коментари, измислени сцени, украден материјал од други весници и новински агенции, селектирање детали од фотографии за да создаде впечаток дека бил некаде или видел некого, иако тоа не било случај.

**ставуваат на веб-страницата на весникот и тие служат за јавна дискусија;**

4. **Проверка на цитатите од интервјуата со самиот извор. Овој метод е редовна практика во бројни редакции. Кај дел од нив се прави разлика меѓу субјектите кои биле интервјуирани, односно оние кои имаат малку или немаат искуство со медиумите (на кои новинарот им ги чита цитатите на своја иницијатива), потоа со експерти или службеници од среден ранг (новинарот нуди да ги прочита цитатите) и со врвни политичари и креатори на јавни политики (новинарот не го нуди тоа, но на барање на интервјуираниот ќе го провери цитатот);**
5. **Јавна опомена за можна пристрасност при изборот на извори на информации. Преку отворањето на процесот на уредување на вестите, уредниците им помагаат на читателите да станат покритички консументи на вестите;**
6. **Внатрешна обука преку семинари што ги организира асоцијацијата за истражувачки новинари, каде што се дискутира за методите, проблемите и другите аспекти на истражувачкото новинарство;**
7. **Можност читателите да коментираат за објавените содржини на веб-страницата;**
8. **Журналистен (Journalisten) – неделник на Шведскиот сојуз на новинари, кој претставува комбинација на вести од медиумите и Сојузот и содржи дискусија за етички прашања и професионалната практика;**
9. **„Бекграунд" или заднински материјали на веб-страниците. Кога станува збор за големи и контроверзни стории, некои медиуми на своите веб-страници објавуваат материјали што ги обезбедуваат контекстот и пошироката слика (како, на пример, транскрибирани материјали, статистички податоци,интервјуа, итн.). Целта е да се зголеми транспарентноста во однос на основата за известување и начинот на кој се селектира материјалот;**
10. **Академски медиумски истражувања;**
11. **Независни анкети за јавната доверба во медиумите. Институтот Општество-мислење-медиуми на Универзитетот во Гетеборг со**

**години ја анализира јавната доверба во медиумите, а добиените сознанија создаваат оригинален збир на споредливи податоци;**

12. **„Редакциски биланс на состојба",кој ги сумира работењето и постигнувањето на редакциите, а инструментот е подготвен од Универзитетот во Гетеборг со цел да се прибираат релевантни статистички податоци и структурирани интервјуа;**
13. **Учество на граѓаните во известувањето. Ова најчесто е случај со таблоидните весници, при што се ангажираат млади луѓе, ѕвезди и сведоци на определени спектакуларни настани;**
14. **Ставови од организации во рамки на професијата. Во Шведска има голем број организации со специјализација во рамки на новинарството (животна средина, наука, медицина, итн.). Меѓу другото, тие го набљудуваат и дискутираат работењето на медиумите и разменуваат искуства преку своите редакции;**
15. **Дебати на Публицистклубен (Publicistklubben), организација на уредници и новинари формирана уште од 1874 година, која има над 5.000 членки. Во нејзиниот централен фокус се етичките стандарди, при што организира дебати за актуелни прашања еднаш месечно во Стокхолм, како и во други градови во Шведска. Организацијата објавува и годишен извештај, кој се дистрибуира до сите членки, а во него се разгледуваат активностите на организацијата, но има и тематски дел за некои аспекти од новинарството.**

## Холандија

Во рамки на овој преглед, ги разгледуваме примерите со комерцијалниот радиодифузен сервис РТЛ Њус (RTL Nieuws) и со весникот Ди Фолкскрант (De Volkskrant).

Одговорноста кон јавноста, главно, се организира на неформален начин. „Гледачите имаат можност да се жалат и постои непишано правило дека мора да се одговори на овие поплаки со оглед на тоа што мора да ѝ се служи на публиката"[28]. Новинарите во својата работа мора да ги земат предвид жалбите на публиката.

28 Jo Bardoel, Y.D.H (2012) Accountability in the newsroom: Reaching out to the public or a form of window dressing? Studies in Communication Sciences 12 (2012) 17–21

Освен што се одговара на **поплаките на публиката**, овој медиум активно ја посочува својата одговорност преку транспарентност околу начинот на селекција на вестите и нивната изработка. Една од стратегиите што се користат во оваа насока е што на веб-страницата се поставува целокупниот материјал околу даден прилог, при што гледачите лесно може да ја утврдат веродостојноста на новинарската сторија, преку анализа на информациите од посочените извори. Освен тоа, постојат утврдени термини во рамки на кои новинарите разговараат, планираат и ги оценуваат медиумските програми. И уредниците ја стимулираат дискусијата преку одржување на културата на неформален и отворен фидбек. Тие веруваат дека на тој начин соодветно се одговара на грешките и се прават корекции тогаш кога е неопходно. Новите онлајн инструменти, како што се веб-логовите, Твитер и социјалните мрежи, обезбедуваат можност новинарите директно да соработуваат со граѓаните.

Во 2005 година воведен е таканаречениот Њусмонитор (Nieuwsmonitor), со цел да се обезбедат независни емпириски податоци за поддршка на квалитативна дебата за новинарски прашања. Притоа, се анализира новинарското известување преку квантитативна анализа на содржина на дадени инциденти. Освен тоа, уредниците на рубриките, програмските уредници и новинарите организираат координативни средби за проценка на известувањето во текот на претходниот ден, при што главниот акцент се става врз тоа дали известувањето било доволно разбирливо за публиката. Такви состаноци организираат и уредниците на надворешните рубрики и координаторите на интернет. Уште од 2009 година, телевизијата соработува со социјалната мрежа Хајфс (Hyves), при што медиумот, во соработка со оваа мрежа, секој ден поставува прашање за анкета за тековното издание на весникот.

Весникот Ди Фолкскрант долго време, односно уште од 1948 година, користи писмо до уредникот, како механизам за одговорност кон читателите. Од 400 писма кои ги добива на неделна основа, се селектираат и објавуваат само неколку, како на веб-страницата така и на весникот. И покрај тоа што не се предвидуваат санкции кога новинарите не одговараат на поплаките на граѓаните, уредникот охрабрува да му се одговори на читателот. Уште од 2009 година, уредникот праќа неделно резиме за поплаките од читателите до уредниците,

со што ги информира за најголемите грижи на публиката, а со тоа и ги поттикнува сериозно да ги разберат жалбите и да одговорат на нив. Во 1997 година назначен е омбудсман, чии задачи се состојат од подобрување на квалитетот на новинарската работа. Тој еднаш неделно пишува колумна во саботното издание на весникот, врз основа на тема што е покрената од читателот или на сопствена иницијатива. „Целта на колумните не е да се прекоруваат новинарите туку да се подигне свеста на внатрешен план и да се обезбедат транспарентност и објаснување на надворешен план“[29]. Во 2004 година воведен е посебен простор за корекции, за кој е одговорен самиот омбудсман, а во него се сместуваат информации за направените грешки, посочени од читателите, но и од самите новинари.

Весникот, исто така, соработува и со организацијата за медиумски дебати, Медијадибеит (Mediadebat), која е формирана во соработка со Сојузот на новинари на Холандија, Асоцијацијата на издавачи на весници и јавниот радиодифузен сервис NOS. Пред неколку години воведен е и посебен дел во рамки на написите (рамка за транспарентност), која на читателот му објаснува дека написот се заснова на објективни информации, без какви било комерцијален или друг тип влијанија. Во 2005 година весникот воведува таканаречена интерактивна „социјална агенда“ што се фокусира на тековни прашања од интерес чиј приоритет се определува во соработка со читателите. Весникот организира десетина тематски дебати годишно, а преку интерактивните можности на интернет, иницирано е проектот „Читателу, кажете ни“, чија цел е да се антиципираат прашањата од интерес или загриженост на публиката. Активно се користат и социјалните мрежи за да се утврди интересот на публиката.

29 De Haan, Y. M. (2012) Between professional autonomy and public responsibility: accountability and responsiveness in Dutch media and journalism, University of Amsterdam

# 3. ЕТИКА: ПРАКТИКИ, ПРИНЦИПИ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЕТИЧКО И ОДГОВОРНО РАБОТЕЊЕ ВО ЈАВНИТЕ РАДИОДИФУЗЕРИ ВО ЕУ

## 3.1 ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ РАДИОДИФУЗЕРИ И НИВНИТЕ ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

Независните и професионални медиуми се основен извор за информирање на граѓаните за прашања кои се важни во едно општество. Како пример за професионалност, јавниот радиодифузен сервис треба да биде пред сите други медиуми во едно општество со оглед на тоа што е финансиран од граѓаните и, според тоа, треба да известува за теми што се исклучиво во интерес на јавноста.

Освен улогата да ја информираат јавноста, јавните сервиси, како и сите други медиуми, претставуваат еден вид граѓански инструмент за контрола на власта и платформа за јавна дебата во општеството, која обезбедува простор за размена на различни теми и гледишта што се од интерес на граѓаните.

Европската унија на радиодифузери (ЕБУ)[30], во која членуваат 73 јавни сервиси во 56 земји, во соработка со своите членки ги поставува основите вредности на овие медиуми. Тие вредности се универзалност, независност, квалитет, различност, одговорност и иновативност.

- **Универзалност.** Јавните радиодифузни сервиси треба да се стремат кон што е можно поголем опсег во своето емитување, како географски, така и кон сите граѓани, во согласност со предвидената целна публика. Програмските содржини треба да бидат соодветни за секоја возрасна категорија на публиката, но и насочени кон сите групи граѓани, без разлика на верска, полова, етничка припадност итн., а и да имаат програма достапна на повеќе јазици. Дел од про-

30 Достапно на https://www.ebu.ch/about/members

грамата треба да биде наменета и за луѓето со посебни потреби. Со цел да постигнат поголема пристапност, јавните радиодифузни сервиси треба да ги следат и технолошките предизвици, а содржините да бидат достапни на што е можно повеќе платформи, и тоа на телевизија, радио, онлајн, кабелски, мобилни уреди и на други начини.

- **Независност.** Зависи од повеќе фактори, но двата клучни се независноста и одржливоста во начинот на нивното финансирање, како и структурата на раководството, кое треба слободно да управува со овие медиуми на начин којшто е пропишан со закон. Има повеќе модели за финансирање на јавните радиодифузни системи во европските земји и сите треба да овозможат одржливо и независно финансирање на овие медиуми, без создавање зависност од извршната власт или од други центри на моќ. Независните јавни радиодифузни сервиси имаат слобода во уредувачката политика на содржината, особено во информативната програма, а со тоа ја стекнуваат и довербата во публиката. Степенот на независност на јавните телевизии во државата зборува и за степенот на демократичност во неа, односно онаму каде што тие работат слободно, без притисоци од центрите на моќ, ја исполнуваат својата улога, а во спротивни примери служат како инструмент за пропаганда во корист на одредена политичка или бизнис група.

- **Квалитет.** Програмската содржина што ја продуцира јавниот радиодифузен сервис, без разлика дали станува збор за информативна, играна, документарна или забавна програма, треба да ги задоволува највисоките професионални новинарски и медиумски стандарди со цел да го задоволи вкусот на публиката, но и да биде пример за комерцијалните медиуми.

- **Различност.** Во споредба со комерцијалните медиуми, јавните радиодифузери имаат обврска да служат на интересот на сите граѓани, а тоа подразбира продукција на програма на повеќе јазици, наменета за граѓани со различни потреби. Јавниот сервис треба да ги има младите лица како посебна целна група, преку атрактивни содржини наменети за нив, а во согласност со професионалните стандарди, но и законите и практиките кои се однесуваат на малолетната публика.

- **Одговорност.** Раководството треба да работи транспарентно, преку објавување на сите интерни акти, но и преку инклузивен пристап

во креирањето на своите стратегии и програмски содржини, во консултација со засегнатите страни, како што се различни граѓански здруженија кои застапуваат повеќе целни групи и интереси. Јавните радиодифузни сервиси треба редовно да ги објавуваат своите извештаи за материјално-финансиското работење и да овозможуваат дебата во јавноста за својата работа, со цел подобрување на квалитетот во работата.

- **Иновативност.** Во време на брз технолошки развој во медиумската индустрија, јавниот сервис има потреба, но и обврска да ги следи новите трендови со цел да биде компетитивен во своето медиумско опкружување, а со тоа и да ги задоволи барањата на публиката. Иновативноста треба да се фокусира на програмската содржина, техничката опременост, како и на развивање партнерства со други чинители од индустријата.

## 3.2 МЕЃУНАРОДНИ ПРИНЦИПИ И ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ РАДИОДИФУЗНИ СЕРВИСИ

Не постои универзален модел на јавен радиодифузен сервис кој е заеднички за сите земји во светот, но постојат генерални препораки и принципи од страна на Советот на Европа и УНЕСКО, како и директиви пропишани од Европската комисија, кои ги пропишуваат начините на кои треба да функционира јавниот сервис со цел да служи на интересот на јавноста. Секоја земја-членка има должност да ги примени сите овие препораки и принципи, преку конкретна легислатива, со која одблиску ќе се определи моделот на јавниот сервис, начинот на кој ќе биде финансиран, неговото раководство и другите технички предуслови кои се нужни за правилно функционирање.

**Препораката (96) 10 на Советот на Европа**[31] за независноста на јавните радиодифузни сервиси ја истакнува нивната витална улога како суштински фактор за плурализам на медиумите, кои се достапни на национално и регионално ниво, и обезбедуваат сеопфатна

31 Council of Europe (1996) Recommendation No R (96) 10, достапно на: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168050c770, пристапено на 11 ноември 2016

програма што содржи информации, едукација, култура и забава за граѓаните.

**Препораката (2012) 1 на Советот на Европа**[32] за раководење со јавните радиодифузни сервиси ја истакнува нивната специфична улога во почитувањето на слободата на информирање, преку обезбедување разновидна висококвалитетна содржина. Примарната улога на јавниот сервис е да го промовира општиот интерес, како што се социјалниот напредок, јавната свест за демократските процеси, интеркултурното разбирање и социјалната интеграција. Јавниот сервис не може да биде важен извор на точни, навремени и плурални информации доколку не биде независен од разни политички и економски влијанија.

Сегашната **Директива за аудиовизуелни медиумски услуги**[33] на Европската комисија предвидува голем број мерки за земјите-членки на ЕУ со кои се уредуваат националните законодавства во Унијата коишто се однесуваат на јавните и приватните радиодифузери. Оваа Директива содржи повеќе технички аспекти за начинот на функционирање на медиумите. Покрај тоа, Директивата им налага на земјите-членки на Европската Унија да се погрижат аудиовизуелните содржини да не содржат некаков вид поттикнување омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Во последно време се води јавна дебата за измени и промени на Директивата, при што членките на ЕУ дискутираат за измени во насока на дополнително утврдување на аспектите поврзани со видео на барање (videoondemand) и интернет телевизијата. Нов законски предлог за изменување на Директивата беше усвоен од страна на Европската комисија на 25 мај 2016 година.

**Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО)**, исто така, се стреми кон зајакнување на јавните радиодифузни сервиси, а со цел подигнување на свеста на публиката во сферата на образованието, културата, како и важ-

32 Council of Europe (2012) Recommendation CM/Rec(2012)1 достапно на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805cb4b4, пристапено на 21 ноември 2016

33 European Commission (2010), Audiovisual Media Services Directive, достапно на: https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/audiovisual-media-services-directive-avmsd, пристапено на 1 декември 2016

носта на граѓанското општество. Во оваа насока, УНЕСКО, со цел да процени дали јавните радиодифузни сервиси ја исполнуваат својата мисија и визија во една земја, има подготвено специфични индикатори коишто се во рамки на Индикаторите за развој на медиумите[34]. Клучните индикатори за работата на јавните радиодифузни сервиси, според УНЕСКО, се:

1. **Целите на јавните радиодифузни сервиси се законски дефинирани и загарантирани;**
2. **Работењето на јавните радиодифузни сервиси не подразбира дискриминација на ниту едно поле;**
3. **Начинот на управување е независен и транспарентен и**
4. **Јавните радиодифузни сервиси ја вклучуваат јавноста и граѓанските организации во своето работење, но и во органите за управување.**

Институционалната автономија и уредувачката независност на јавните радиодифузни сервиси треба да се да се гарантираат со закон во секоја земја одделно, кој, пред сè, обезбедува одржлив извор на финансирање, како и непристрасен и транспарентен процес на избор на управните органи, но и соодветна надлежност и слобода во нивното работење. Овие принципи, препораки и директиви служат како насоки кои треба да им помогнат на земјите да ја креираат својата законска рамка, а притоа треба да го земат предвид специфичниот контекст којшто е карактеристичен за секоја земја поединечно. Освен ова, при креирање на легислативата треба да се земат предвид насоките од професионалните граѓански организации кои се дел од новинарската и медиумската заедница.

34 UNESCO (2010) Media Development Indicators: A Framework for Assessing Media Development, достапно на http://unesdoc.unesco.org/images/0016/001631/163102e.pdf, пристапено на 8 ноември 2016

# 3.3 ЕТИЧКИ РАМКИ ВО ЈАВНИТЕ РАДИОДИФУЗНИ СЕРВИСИ – КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД

Јавните радиодифузни сервиси, преку својата работа, треба да ги промовираат највисоките професионални стандарди на новинарската заедница, преку почитување на етичките принципи. Токму поради тоа, некои од нив имаат развиен систем на саморегулација или, пак, се членки на совети за медиумска саморегулација, со цел да го подобрат својот квалитет на работа. Моделите се разликуваат, а како најчести форми се внатрешниот омбудсман, внатрешните комисии за етика и жалби или модели според коишто јавниот сервис учествува во работата на независно саморегулативно тело кое делува независно, се наоѓа надвор од структурата на јавниот радиодифузен сервис или, пак, претставува комбинација од сите заедно.

Во зависност од локалниот контекст на секое општество, разните модели имаат свои позитивни и негативни страни. Така, со внатрешниот омбудсман, јавните радиодифузни сервиси покажуваат подготвеност да бидат отворени и одговорни, а во исто време се намалува потребата од надворешна контрола, со оглед на тоа што радиодифузерот се обврзува да биде повикан на одговорност од страна на свој независен контролор. Без разлика кој модел се практикува, во случај на прекршување на професионалните стандарди она што е важно е дека омбудсманот или комисијата ќе има веродостојни и релевантни одлуки коишто ќе бидат објавени од страна на медиумот. Основен документ во процесот на ефикасна саморегулација е кодексот за етика и, според праксата, секој јавен радиодифузен сервис има посебен таков документ. Освен кодексите, дел од јавните радиодифузери има и посебни принципи за известување за време на избори и изборни кампањи, посебни принципи за реклами и промоции и слично.

Во контекст на овој преглед, ги разгледуваме етичките рамки на земји од регионот, односно во Хрватска и Словенија.

**Хрватска радио-телевизија (ХРТ)** во 2013 година усвои нов **Етички кодекс за новинари и креативен тим во ХРТ**[35]. Со овој

35 Hrvatska radiotelevizija (2013) Eticki kodeks za novinare i kreativno osobjle достапен на http://www.hrt.hr/fileadmin/video/Eticki_kodeks_za_novinare_i_kreativno_osoblje_HRT_a.pdf, пристапено на 11 ноември 2016

Кодекс се уредуваат професионалните стандарди и етички принципи на новинарите и креативниот тим во создавањето на радиските и аудиовизуелните медиумски содржини, како и другите медиумски производи изработени самостојно од ХРТ или во соработка со други партнери.

Во општите одредби од Кодексот е истакнато дека цензурата е забранета во секоја фаза на креирање и емитување медиумска содржина. Членот 2 додава дека ХРТ е јавен сервис којшто обезбедува услуги од јавен интерес, со цел да се подобри јавната благосостојба и социјалната кохезија на граѓаните и за да се промовираат плурализмот и културната разновидност преку програма наменета за сите граѓани.

Глава 2 е посветена на професионалните стандарди и етичките начела и тие се однесуваат на новинарите и креативниот кадар во сите нивни јавни настапи, вклучувајќи ја и нивната комуникација на социјалните мрежи. Посебно внимание се посветува на:

- **Односот кон државата, власта, политичките партии** – во својата работа новинарите не смеат да истакнуваат никаква припадност или наклонетост туку треба да се објективни и самостојни
- **Црна хроника, судски постапки и вонредни настани** – известувањето за криминални активности, сообраќајни незгоди и други вонредни настани не смее да биде претставувано со сензационализам во информативната програма, со цел да се спречи ширење паника меѓу гледачите и слушателите
- **Деца и други социјални групи** – малолетници не смеат да бидат дел од програмата без да се добие одобрение од старател, а се забранува и давање надомест на старателите со цел да се добие нивна согласност. Овој дел е детален и во насока на тоа дека при земање изјави од деца прашањата не смеат да бидат злонамерни, сугестивни или иронични.

Третата глава се однесува на другите професионални стандарди и начела  и тука се дава посебен фокус на: предизборна кампања, реклами и ситуации во коишто новинарите имаат конфликт на интерес во начинот на нивното известување.

Посебна глава се посветува на односот помеѓу новинарите и уредниците. Интересен пример е тоа дека уредникот има право да интервенира во прилог на новинар само ако смета дека се прекршува Кодексот или законите, по што го известува новинарот или водителот, а доколку се побара од новинарот, уредникот има обврска и писмено да ја образложи причината за промената.

Глава 6 ја образложува работата на **Етичката комисија**, која има право и должност да носи мислења и одлуки околу повреди на Кодексот. За поднесување претставка постои посебна процедура која се објаснува во Кодексот, а право на поднесување жалба има секој. Комисијата е составена од 9 члена, кои се номинираат од главните уредници (3 члена), директор на продукција (2 члена), уредник на информативна програма (2 члена), новинарите, односно Здружението на новинари на Хрватска (2 члена).

Освен Кодексот, ХРТ, во исто време, има усвоено и **Општи правила за работа и однесување на вработените**, кој е посебен акт[36] со кој се дефинираат професионалните и етичките стандарди во однесувањето на сите вработени во ХРТ. Општите правила важат за сите вработени во ХРТ, вклучувајќи го и генералниот директор на ХРТ.

Како посебен интерен акт во ХРТ кој е во насока на промоција на етичките стандарди е и **Планот за акција за родова рамноправност**[37], кој е усвоен во ноември 2010 година. Планот воведува нулта толеранција кон дискриминација врз основа на родовата припадност, имплементација на принципите за еднаквост на половите, како и механизми за заштита во случај на дискриминација поврзана со родот.

**Радио-телевизија Словенија (РТВ) – Професионални стандарди и принципи на новинарската етика**[38] во програмите на РТВ

36 Hrvatska radiotelevizija (2013) Opca pravila o radu i ponasanju, достапно на: http://www.hrt.hr/fileadmin/video/Opca_pravila_o_radu_i_ponasanju_zaposlenika.pdf, пристапено на 9 ноември 2016

37 European Institute for Gender Equality (2010), Gender Mainstreaming – A Strategy to Achieve Equality Between Women and Men, достапно на: http://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/methods-and-tools/croatia/croatian-radiotelevision-self-regulation-tools-action-plan-gender-equality-and-ethical-codex, пристапено на 2 декември 2016

38 RTV Slovenia (2000) Professional Standards,достапни на: http://www.rtvslo.si/strani/professional-standards/17, пристапено на 2 ноември 2016

Словенија, кои се усвоени од страна на Советот на РТВ Словенија на 18 мај, 2000 година. Кодексот на РТВ Словенија се користи како водич во работата на новинарите и креативниот тим и тој е изработен според примерот на кодексите од јавните радиодифузни сервиси на Велика Британија, Канада и Германија.

Овој Кодекс е подетален, за разлика од примерот со Хрватска и е поделен на вкупно 22 поглавја кои се однесуваат на: општите професионални стандарди, стандарди за разноликоста и балансираноста во известувањето, известување за избори и изборни кампањи, известување за политички партии, политичари и Парламентот, стандарди за анкети на јавно мислење, уредување на односот меѓу РТВ Словенија и државните органи и владините тела, стандарди за истражувачко новинарство и обработка на информации, стандарди за почитување на вредностите на гледачите и слушателите (известување на теми поврзани со здравство, насилство и сл.), известување на теми од посебен интерес (теми за разни религиозни групи, етнички малцинства и сл.), известување на теми кои се однесуваат на посебни делови од општеството (теми поврзани со родови прашања, луѓе со посебни потреби и сл.), етички стандарди поврзани со теми за деца и малолетници во програмите на РТВ Словенија, право на исправка и демант.

Во глава 18 се предвидува и обврска на РТС Словенија да обезбедува правна помош на новинарите и уредниците кога се тужени, дури и во ситуација кога тие ги прекршиле етичките принципи.

Исто така, во глава 19 составен дел од Кодексот се и етичките принципи за рекламирање, промоција и спонзорства во програмите на РТВ Словенија коишто се однесуваат на содржината на рекламите што се емитуваат и дека треба да се во согласност со **Словенечкиот кодекс за рекламирање**[39].

Последните две глави од Етичкиот кодекс се однесуваат на конфликтот на интереси и правата и обврските, како и на Кодексот на облекување за новинарите и радио-телевизиските презентери, во согласност со програмскиот концепт на медиумот.

39 Slovenska Oglasevalska Zbornica (2009) Slovenski oglasevalski kodeks, достапно на: http://www.soz.si/sites/default/files/soz_sok_slo.pdf, пристапено на 13 ноември 2016

Кодексот содржи насоки за начините на кои новинарите треба да известуваат за теми што се однесуваат на посебни делови од општеството во Словенија. Посебно внимание во Кодексот се посветува на теми поврзани со жените, децата, религиозните заедници, луѓето со посебни потреби, сексуалните малцинства, возрасните луѓе, темите поврзани со емоционална болка и страдање и сл.

Во ситуации кога се прекршува Кодексот, според глава 16, Омбудсманот на РТС Словенија е одговорниот орган кој решава за претставките и објавува одлуки. Според Кодексот, граѓаните, најпрво, поднесуваат претставка, предлози или сугестии до главните уредници на РТС Словенија и во случај кога не се задоволни од одговорот, се обраќаат на Омбудсманот, кој, пак, за својата работа одговара пред Програмскиот совет на РТС Словенија.

Во 2008 година Јавниот радиодифузен сервис на Словенија го назначи Миша Молк, телевизиски презентер во РТС Словенија, за нејзин прв омбудсман. Новинарот Молк редовно се појавува на телевизиски емисии, каде што одговара на прашања и јавни коментари поврзани со работата и програмската содржина на РТВ. Тој, исто така, ја информира јавноста на блогот: http://www.rtvslo.si/blog/misamolk.

# 4. ПРЕДИЗВИЦИ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА СЕНЗИТИВНИ ТЕМИ

## 4.1 ОДГОВОРНО И ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА САМОУБИСТВА

Самоубиствата се голем проблем во општеството, со длабоки општествени, емоционални и економски последици. Според евиденцијата на Светската здравствена организација, „на светско ниво годишно се самоубиваат речиси еден милион лица, а се проценува дека од тоа во просек се погодени најмалку шест лица“[40]. Медиумите имаат

40 World Health Organization (2008) Preventing Suicide – A Resource for Media Professionals, достапен на: http://www.who.int/mental_health/prevention/suicide/resource_media.pdf, пристапено на 11 ноември 2016

голема улога во тоа да се разберат факторите што придонесуваат за овој проблем, како и да се едуцира јавноста за овој општествен проблем, а особено оние кои се соочуваат со ризик од таков тип однесување да побараат соодветна помош.

Од друга страна, ранливите групи граѓани може да бидат под силно влијание на медиумските извештаи за самоубиства и како последица на тоа да посегнат по својот живот, повторувајќи го истото дело, а особено доколку станува збор за детално, сензационалистичко и експлицитно опишано самоубиство.

Вард (Ward, 2009), пак, смета дека е „грешка е да се гледа на известувањето за таквите трагедии како неизбежна експлоатација на темата. Дали е експлоатација, зависи од начинот на кој се информира за настанот"[41]. Според Вард, самоубиствата понекогаш се навистина вреден настан за објавување,  особено доколку ги направиле јавни личности или, пак, се дел од некој поширок проблем. Тој советува дека новинарите треба да поседуваат евиденција за настаните, при што некои од овие проблеми да не останат зад затворени врати, оставајќи простор за дискусија во јавноста што се заснова на озборувања и шпекулации.

Во голем број држави медиумите имаат преземено иницијативи преку подготовка на кодекси на етика што го адресираат прашањето на самоубиствата. На пример, во Данска, Естонија, Германија, Норвешка, Литванија и Шведска кодексите за етичко известување содржат насоки за новинарите кога известуваат за овој проблем. Во Велика Британија, каде што не постојат посебни законски ограничувања во однос на известувањето за самоубиства, од страна на организации како Пресвајзтраст (PressWiseTrust) и Самаританс (Samaritans) подготвени се ресурси за да им помогнат на медиумите кога известуваат за ова прашање.

Во рамки на светската иницијатива за спречување самоубиства (SUPRE), Светската здравствена организација во 2000 година објави „Ресурс за медиумските професионалци"[42] .

41 Ward, S.J.A (2009) Covering Tragedy: Do Journalists Exploit Suicide, Center for Journalism Ethics

42 ibid

Постојат многу погрешни разбирања и перцепции околу проблемот со самоубиствата, а медиумите може да имаат значителна улога во разбивањето на таквите митови. Факторите што водат до самоубиство се вообичаено повеќекратни и комплексни и, според препораките на Светската здравствена организација, за нив не треба да се известува на симплифициран начин. Напротив, медиумите треба да ги разгледаат различните фактори, меѓу кои и културните, генетските и социокултурните фактори.

Понатаму, потребно е да се избегнува речникот со кој самоубиството се сензационализира или нормализира или, пак, го претставува како решение на проблемите.

Централното поставување на овие теми во медиумите со поголема веројатност би довело до репетитивно однесување и, оттука, се препорачува таквите теми да се најдат во внатрешните страници на весникот, наместо на почетокот или подоцна во текот на вестите на радио и телевизија. Посебно внимание треба да се посвети кога методот на самоубиство е невообичаен, особено затоа што може да поттикне други лица да го сторат истото. Истата препорака за внимателност во известувањето се однесува и кога станува збор за откривање на локацијата на самоубиството. „Посебна сметка треба да се води да не се промовираат таквите локации како место за самоубиство преку, на пример,  користење сензационалистички речник за да се опишат или преку пренагласување на бројот на инциденти што се случиле таму“[43]. Не смеат ниту да се користат фотографии или видеоснимки од сцената, ниту, пак, од лицето што се самоубило. Доколку се смета дека е потребно да се користат такви материјали, неопходно е експлицитно одобрување од членовите на семејството.

Самоубиствата на познати личности се настан вреден за објавување, којшто се смета дека е од јавен интерес, но и тука е потребна особена внимателност, со оглед на можноста од повторување на таквиот чин од ранливите категории граѓани. Медиумите, исто така, треба да обезбедат информации за местата каде што може да биде побарана помош, што е особено корисно за поединците кои се соочуваат со депресија.

43 ibid, 9

## 4.2 ОДГОВОРНО И ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Децата и младите лица ги имаат сите права како и возрасните, а освен тоа тие имаат право да бидат заштитени од каква било штета. Основните принципи на УНИЦЕФ[44] кога станува збор за известување за деца и млади лица се следниве:

1. **Дигнитетот и правата на секое дете треба да се почитуваат во сите околности;**
2. **При интервјуирањето и известувањето за деца, потребно е да се посвети особено внимание на правото на приватност и доверливост, да се слушнат нивните размислувања, да се учествува во одлуките со кои се влијае врз нив и да се заштитат од зло и одмазда;**
3. **Најдобрите интереси за секое дете треба да се заштитени над сите други интереси, вклучувајќи и застапување за проблемите на децата и промовирање на нивните права;**
4. **При обидот да се утврдат најдобрите интереси за детето, потребно е да му се даде соодветна тежина на правото на детето да ги искаже своите гледишта, во согласност со неговата возраст и зрелост;**
5. **Оние кои се најблиску до ситуацијата на децата и кои имаат најлесен пристап до неа е потребно да бидат консултирани за политичките, општествените и културните последици од какво било известување;**
6. **Да не се објавува сторија или слика што може децата, браќата и сестрите или врсниците да ги стави во ситуација на ризик, дури и кога се менува нивниот идентитет, се замаглуваат лицата или, пак, воопшто не се користи идентитетот.**

Од друга страна, Медијавајз (Mediawise), УНИЦЕФ и Меѓународната федерација на новинари покренаа меѓународна иницијатива за да го промовира признанието дека новинарите играат позитивна улога во развивањето нови пристапи во медиумското претставување на

44 UNICEF, Principles and Guidelines for Ethical Reporting – Children and Young People Under 18 years old, достапни на https://www.unicef.org/uganda/Guidelines_for_Reporting_on_Children1.pdf, пристапено на 14 октомври 2016

децата, промовирањето на нивните права и во придонесот кон заложбите за подигнување на професионалната свет околу потребата за искоренување на сите форми на експлоатација на децата.

Во голем број етички кодекси медиумите се предупредуваат околу дискриминаторното известување или за ризиците од охрабрување дискриминација врз основа на родова припадност, сексуална ориентација, религија, јазик, итн. Притоа, некои од нив на оваа листа ја додаваат и „возраста", што дава основа новинарите да се повикуваат на овој дел кога станува збор за известување за теми поврзани со децата. Сепак, овој дел повеќе се однесува на возрасни лица отколку на децата.

Во Кодексот за етика на новинарите во ***Словенија***[45] се бара новинарите да бидат „особено тактични и внимателни кога известуваат за инциденти, трагични настани во семејствата, болести, деца и малолетни лица". Во Повелбата за одговорностите на новинарите во Италија[46] има посебен дел кој се однесува на децата или ранливите лица при што се потенцира дека „новинарот ги почитува сите принципи што се потврдени во Конвенцијата на ОН за правата на детето од 1989 година, за заштита на децата, нивниот карактер и личност". Во Етичкиот кодекс за медиумските професионалци на ***Литванија***[47] се настојува новинарот „да покаже соодветна почит кон правата на децата и возрасните со физичка или ментална попреченост". Член 11 во Кодексот на медиумите на ***Германија***[48] вели дека „насилството и бруталноста не смеат да се сензационализираат. Известувањето мора да ја земе предвид потребата од заштита на младите лица". Во Кодексот за етика на ***Хрватска***[49] се вели дека „посебна грижа и одговорност е неопходна кога се известува за инциденти, семејни трагедии, болести, деца и малолетни лица...".

45 EthicNet, Code of Ethics of Slovene Journalists, достапен на: http://ethicnet.uta.fi/slovenia/code_of_ethics_of_slovene_journalists, пристапено на 1 ноември 2016

46 EthicNet, Charter of Duties of Journalists in Italy, достапна на: http://ethicnet.uta.fi/italy/charter_of_duties_of_journalists, пристапено на 9 ноември 2016

47 EthicNet , Code of Ethics of Lithuanian Journalists and Publishers, достапен на: http://ethicnet.uta.fi/lithuania/code_of_ethics_of_lithuanian_journalists_and_publishers, пристапено на 8 ноември 2016

48 Presserat, German Press Code, достапен на: https://www.presserat.de/fileadmin/user_upload/Downloads_Dateien/Pressekodex13english_web.pdf, пристапено на 28 октомври 2016

49 EthicNet, Honour Codex of Croatian Journalists, достапен на: http://ethicnet.uta.fi/croatia/honour_codex_of_croatian_journalists, пристапено на 17 ноември 2016

Според она што е потцртано во Милениумските развојни цели[50], медиумските професионалци треба да се стремат кон покренување на вниманието кон теми што ги засегаат децата во општеството, на пример социјалните услови, искоренувањето на гладта и други прашања како што се образованието, одржливоста, итн.

Во Насоките на УНИЦЕФ, меѓу другото, силно се нагласува потребата да не се стигматизираат децата, да се обезбедува вистинскиот контекст за темите што се поврзани со деца, да се заштити нивниот идентитет, како и да се утврди точноста на она што го вели самото дете, без разлика дали со други деца или со возрасно лице.

## 4.3 ОДГОВОРНО И ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОНФЛИКТИ

Медиумите се честопати меѓу првите елементи во општеството што се злоупотребуваат за време на конфликти. Дури и пред да се случи самиот конфликт, различни страни настојуваат да наметнат контрола врз медиумите со цел да влијаат врз информациите и ставовите во насока на својот интерес. „Тие коишто не ги искусуваат конфликтите директно и лично, стануваат дел од нив токму поради медиумите"[51]. Наспроти активното користење на медиумите од страна на различни актери во конфликтот, тие можат и самите несвесно да придонесат кон судирот. Таквото пасивно провоцирање насилство најчесто се случува кога новинарите имаат слаби професионални вештини, кога медиумската култура е недоволно развиена, или кога нема доволно или воопшто не постоел историјат на независност во работата на медиумите. „Во такви услови новинарите можат да го засилат гневот и да промовираат стереотипи, и покрај тоа што нивните намери не се во таа насока или, пак, не се манипулирани од некое надворешно тело. Таквото сценарио е поретко отколку она кога медиумите се активно манипулирани, но не и помалку опасно".[52]

---

50 Millenium Project (2006) Millenium Development Goals, достапни на: http://www.unmillenniumproject.org/goals/, пристапено на 12 ноември 2016

51 Balanova, E. (2007) Media, Wars and Politics – Comparing the Incomparable in Western and Eastern Europe, Ashgate Publishing Company

52 FrohardtM., Temin J. (2003)Use and Abuse of Media in Vulnerable Societies, Washington DC, United States Institute of Peace

Некои теоретичари сметаат дека за пропаганда во медиумите се смета и фокусирањето врз изјавите на лидерите. Тоа вклучува повторување на владините ставови, без давање коментари, со што „на новинарите им се овозможува да тврдат дека се неутрални поради тоа што едноставно пренесуваат информации“[53].

Недостигот на информации во која било фаза од конфликтот овозможува манипулација со луѓето, зголемување на недовербата и стравувањата. Способноста да се носат одлуки врз основа на добра информираност го јакне општеството, демократските структури и перспективите за позитивен развој во иднина. Токму поради оваа причина, Милениумската декларација на Обединетите нации ја нагласува потребата „за обезбедување слобода на медиумите да ја остваруваат својата суштинска улога и правото на јавноста да има пристап до информации“[54].

Рос Хауард (Ross Howard) опишува што може да стори професионалното новинарство за решавање на конфликтите. Тој вели дека медиумите може да го сторат следново:

1. **Да ја канализираат комуникацијата;**
2. **Да прават едукација;**
3. **Да градат доверба;**
4. **Да ги коригираат погрешните претстави;**
5. **Да хуманизираат преку поставување на вистинските луѓе во сторијата;**
6. **Да ги определат заедничките интереси;**
7. **Да овозможат емоционално искажување;**
8. **Да прават рамка на конфликтот;**
9. **Да овозможат да се донесе решение;**
10. **Да охрабрат рамнотежа на моќта[55].**

53 Shah, A. (2005) War, Propaganda and the Media Global Issues.(online) достапно на http://www.globalissues.org/article/157/war-propaganda-and-the-media, пристапено на 1 ноември 2016.

54 United Nations (2000) United Nations Millenium Declaration, достапна на http://www.un.org/millennium/declaration/ares552e.htm, пристапено на 29 ноември 2016

55 Howard R., (2003). Conflict Sensitive Journalism, IMPACS, 8-9, Denmark

Во Акциската програма на УНЕСКО за култура на мирот, меѓу другото, се препорачува:

- **Поддршка на важната улога на медиумите во промовирањето на културата на мирот;**
- **Обезбедување слобода на медиумите и слобода во информирање и комуницирање;**
- **Ефикасно користење на медиумите за застапување и дистрибуција на информации за културата на мирот.**

## 4.4 ПРЕПОРАКИ ВО ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ И ПОЕДИНЦИ

Во контекст на оваа анализа, под маргинализирани ги подразбираме лицата и групите кои се невлијателни и изолирани и на кои им е скратен или ограничен пристапот до социјални, економски, политички и културни права кои им се достапни на другите. Овде би можеле да ги вброиме лицата со посебни потреби, со тешки болести, сиромашните, бегалците, бездомниците, итн. Ова не е целосен список на маргинализираните групи, а особено поради тоа што секој од нас, во даден момент, може да се најде на маргините на општеството, без можност да ги оствари своите права кои се загарантирани со закон.

Кога се зборува за таканаречените маргинализирани групи, медиумите честопати дополнително ги маргинализираат, и тоа најмалку на два начини. Прво, маргинализираните групи се навидливи и, второ, начинот на нивното претставување е стереотипно и сензационалистичко.

Советот на Европа ја донесе Препораката (2006) 5[56] со која се промовираат правата и целосното учество на лицата со посебни потреби во општеството. Во овие Препораки има бројни одреди коишто се однесуваат на радиодифузијата. Од земјите-членки на Советот на Европа се бара да ги поттикнат радиодифузниот сектор и соодветните креативни индустрии да овозможат услови за пристап до програмите за

56 Council of Europe (2006), Recommendation Rec(2006)5 достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805af657, пристапено на 3 декември 2016

лица со посебни потреби, како и да објават планови за зголемување на вработеноста на лица со посебни потреби во медиумите.

Во Конвенцијата на ООН за правата на лицата со посебни потреби[57] медиумите се поттикнуваат да ги претставуваат овие лица на начин што е конзистентен со целта на Конвенцијата Во членот 21 од Конвенцијата медиумите се поттикнуваат да им овозможат на овие лица пристап до нивните услуги.

Медиумите треба да ја прифатат својата одговорност во претставувањето на луѓето со посебни потреби на вистински и чесен начин, ослободен од стереотипи и од пристрасност. „Преку директна комуникација со лицата со посебни потреби, новинарот подобро ќе се запознае со проблемите со кои тие се соочуваат, како и со нивните очекувања. Тие најдобро може да му пренесат како се чувствуваат и во врска со стереотипите на јавноста што директно влијаат врз нивниот секојдневен живот“[58]. За новинарот би требало да претставува професионален предизвик да ги открие корените на проблемите што се случуваат во општеството и потенцијалните начини на нивно решавање.  Најдобро е новинарите да консултираат релевантни и веродостојни информации, а доколку лицата со посебни потреби не сакаат да зборуваат, тогаш најдобро е тоа да биде направено со лица од нивното опкружување. Медиумите играат значајна улога во промената на начинот на изразување кон овие лица. „Од особено значење е и да се води сметка за контекстот кога се известува за овие лица, за да не се создадат погрешни перцепции кај јавноста“[59].

57 United Nations Convention on the Rights of Persons with Disabilities and Optional Protocol, достапна на: http://www.un.org/disabilities/documents/convention/convoptprot-e.pdf, пристапено на 14 ноември 2016

58 Тунева, М., Камењарова – Петреска, Е. (2010) Медиумите, граѓаните и интеркултурните комуникации, Висока школа за новинарство и односи со јавноста

59 Tuneva, M. (2010) Diversity Reporting Handbook, School of Journalism and Public Relations, достапен на: http://www.cestim.it/argomenti/08media/2011-Diversity-Reporting-Handbook_EN.pdf, пристапено на 12 ноември 2016

# ДЕЛ 2

М-Р ФИЉАНА **КОКА**

# 1. **МЕДИУМСКАТА ЕТИКА** И САМОРЕГУЛАЦИЈА

## 1.1 САМОРЕГУЛАЦИЈА – КОНСТИТУТИВНО ОБЕЛЕЖЈЕ НА ДЕМОКРАТСКИ МЕДИУМСКИ СИСТЕМ

Саморегулацијата во медиумите се смета за едно од специфичните конститутивни обележја на демократскиот карактер на одреден медиумски систем. Со основањето на Хачинсовата комисија за слободата на печатот (Commissionon Freedom of the Press) при Првиот национален информативен совет (National News Council) формиран во САД по Втората светска војна, се етаблира теоријата за „општествената одговорност" на медиумите и за професионалните стандарди во новинарството.[60] Од тогаш се појавуваат две важни теориски дистинкции во врска со односот на државата кон слободата на печатот. Едната, дека „општествената одговорност" на медиумите не треба да се постигне преку интервенирање на државата во сферата на медиумите туку преку саморегулација. Од друга страна, обврската е на медиумите да водат сметка за точноста, вистинитоста, објективноста и релевантноста на содржините за кои информираат.

Медиумската саморегулација е значајна за медиумите бидејќи оневозможува законска регулација на професионалните стандарди, им помага на медиумите да бидат независни, а за своите грешки новинарите одговараат само пред моралниот суд на колегите. Саморегулацијата го намалува бројот на судски предмети против новинарите: „Трошоците на постапката за поднесување жалба против некој медиум се значително пониски во споредба со ангажирањето адвокати, постапките се завршуваат побрзо, процесот е помалку

60 Фред С. Зиберт, Теодор Петерсон и Вилбур Шрам формулирани во „Четири теории за печатот" објавени во средината на педесеттите.Наслов на оригиналот: „Four Theories of the Press", Siebert, Fred S., Peterson, Theodore, and Schramm, Wilbur, University of Illinois Press, 1956

конфронтирачки отколку соочувањето во судница". (Адамчевски, Чаусидис, Петковска, Трпевска и Трајкоска , 2010).

За јавноста саморегулацијата значи гаранција за веродостојноста на информацијата, бесплатни жалбени постапки, јавно признавање на грешките на медиумот и развивање политичка култура независно од влијанието на политиката.

Од увидот во историскиот развој се покажува дека превенцијата од мешањето на државата во слободата на информирањето и независноста на медиумите често била решавачка причина која ги поттикнала медиумите да воспостават саморегулација.

## 1.2 САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКИ УСЛОВИ И УЛОГАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ЗА НЕЈЗИНА ПРОМОЦИЈА И ПРИМЕНА (1946-2016)

Здружението на новинарите на Македонија е формирано на 17 февруари 1946 година како Здружение на професионални новинари на Народна Република Македонија во рамки на Сојузот на новинарите на Југославија.[61] Меѓу органите избрани од Собранието е и Судот на честа. Улогата на ова тело не било во функција на промовирање професионално новинарство, имајќи предвид дека: „Во комунистичкиот медиумски режим медиумите не постојат надвор од тоталитарната држава и функционираат како алки на големиот механизам, а поимот слобода на медиумите не постои туку медиумите се само инструмент во убедувањето на народот да ја прифати и да ја следи официјалната идеологија", (Bertrand, 2007). Не може да се каже дека Судот на честа ја вршел функцијата на саморегулатор, освен „декларативната грижа" за унапредување и заштита на етиката и на општествено-политичките вредности на новинарската професија, како и за примена на Кодексот на новинарите на Југославија донесен во 1965 година.[62]

61 Здружение на новинари на РМ, достапно на http://znm.org.mk/?page_id=742, пристапено на 09.12.2016

62 Архива на Udruzenje novinara Srbije, Dokumenti SNJ.

Во осумдесеттите години со Статутот од 1986 година на Здружението на новинарите на Македонија (чл. 67), телото се преименува во **Другарски совет** со задача да се грижи за доследна примена и за евентуални дополнувања и промени во Кодексот на новинарите на Југославија.[63] Согласно статутарните одредби, Советот можел да покренува постапки за утврдување на општествено-политичката и професионалната одговорност на членовите на Здружението во случај на нарушување на професионално-етичките и општествено-политичките норми на новинарската професија. Можноста за утврдување политичка одговорност на новинарот е показател за идеолошкиот карактер на мисијата на телото, наместо да донесува морален суд за непрофесионализмот на новинарите.

## 1.3 УЛОГАТА НА ЗНМ ЗА САМОРЕГУЛАЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Во 90-тите години од минатиот век распадот на федералната југословенска држава и појавата на екстремен национализам во регионот придонесоа за деформации на медиумските системи на државите коишто произлегоа од поранешна Југославија, односно за деформирање на односите во моќниот триаголник меѓу политиката, новинарството и бизнисот. (Ордановски, Исмаил, Станковски, Ајдини, Јаневска-Делева, 2012). Тоа се одрази и во Република Македонија, па мошне слабата улога на „своевидното саморегулаторно тело" во рамките на ЗНМ продолжи и во првата деценија по осамостојувањето на земјата од заедничката држава СФРЈ, односно и по одделувањето на ЗНМ од Сојузот на новинарите на Југославија.

Донесувањето на Кодексот на новинарите на Македонија на 14 .11. 2001 година се смета за првиот чекор кон воспоставување вистинска медиумска саморегулација во Република Македонија.[64] Усвојувањето на Кодексот значеше насочување на новинарите да работат во согласност со договорените етички стандарди на однесување

63 Архива на Здружението на новинарите, Статут на ЗНМ 1986

64 Здружение на новинари, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440, пристапено на 10.12.2016

засновани на точност, правичност, независност и одговорност. Тоа обезбеди претпоставки за квалитетно новинарство, кое иако може да биде наклонето на одреден став, мора јасно да ги разграничува фактите, коментарите и мислењата, за разлика од „пропагандистичкото новинарство", преправеното „мисионерско новинарство" или од таблоидниот печат кои служат за специфични цели или интереси.[65]

Во Статутот на ЗНМ донесен на 14.11.2001 **Советот на честа** добива надлежности веќе на релевантно саморегулаторно тело. Советот е задолжен да се грижи и да ги промовира етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство, содржани во Кодексот на новинари на Македонија. Согласно чл.46 од Статутот на ЗНМ, улогата на ова тело не е да воспостави цензура или да наметне автоцензура туку неговата улога е пред сè да ги поставува и брани основните принципи на етичното, избалансираното и објективното новинарство, кое ги почитува демократијата, човековите права, слободата на уредувачката политика на медиумите.[66]

Со целосното почитување и промовирање на Кодексот се подобрува кредибилитетот на медиумите во јавноста и тие се доживуваат не само како слободни туку и како одговорни. Во исто време на новинарот му дава право да не прифати нешто што не е во согласност со професионалните стандарди и воедно го иззема од судот на другите оставајќи го на судот на колегите.

Според Статутот од 2001, Советот ги решавал претставките од граѓаните за евентуално кршење на принципите на професионалното и етичкото новинарство. Во овој период Советот можел да постапува и за претставки против новинари кои не се членови на ЗНМ. Со Статутот донесен во 2010 година, на Советот на честа му се одзема надлежноста да реагира самоиницијативно и во однос на новинарите кои не се членови на ЗНМ.[67] Поради тоа значително падна бројот

65 Bajdar,Yavuz. (2008). The media Self-Regulation Guidebook-all questions and answers: Setting up a journalistic code of ethics-the core of media self-regulation.Vienna: Office of the representative on freedom of the media: Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE), стр.21-31

66 Архива на ЗНМ, Статут на ЗНМ од 2001год.

67 Архива на ЗНМ, Статут на ЗНМ од 2010 год.

на претставките поднесени до Советот. Тоа придонесе за извесно пасивизирање на телото и ограничување на примарната улога на Советот на честа.

Со Статутот на ЗНМ од 2015 година, на Советот на честа му се враќа надлежноста да решава претставки поднесени против новинари кои не се членови на ЗНМ.[68] Со таа разлика што Советот за членовите на ЗНМ донесува одлука, додека за оние кои не се членови, донесува мислење. Со измените бројот на членовите на Советот на честа се намалува од седум на пет. Освен што го следи остварувањето на начелата и одредбите на Кодексот на новинарите, Советот може да покренува расправа во Управниот одбор на ЗНМ за промена на законски одредби или подзаконски акти што ги оневозможуваат или ги кршат начелата на Кодексот. Советот на честа реагира на прекршување на Кодексот од страна на новинарите, додека Жалбената комисија на Советот на етика во медиумите одлучува за прекршувањата на професионални стандарди до медиумите.

## 1.4 ЗАЛОЖБИТЕ НА ЗНМ ЗА ФОРМИРАЊЕ СЕММ

Во првите 15 години од осамостојувањето на Македонија медиумите работеа според југословенскиот Закон за јавно информирање од 1974 година. Ваквото опкружување придонесе наместо слободни и професионални медиуми, да добиеме економски зависни и контролирани медиуми. „И повеќе од една деценија по осамостојувањето медиумите останаа во една постојана позиција на клиентелизам, во постојана потрага по ‘вистинскиот’ газда, па и кога тој ‘вистински’ газда ќе се смени, се бара нов добар газда“. (Јакимовски, 2012). Состојбата особено се влоши по 2010 година, по затворањето на А1 Телевизија, кога власта успеа да ги инструментализира медиумите и наместо тие да работат за јавниот интерес на граѓаните, станаа пропагандна машинерија во рацете на власта.

Во 2011 год. веќе немаше амбиент кој овозможува услови за развој на професионални медиуми, кои ќе бидат коректор на власта. Не се почитуваа законите, или се применуваа селективно или се заоби-

68 Здружение на новинари на РМ, Статут на ЗНМ од 2015, достапно на http://znm.org.mk/?page_id=1349, пристапено на 10.12.2016

колуваа, постоеше социјална несигурност на новинарите, дисторзиран пазар, непочитување на регулаторното тело, слаб јавен сервис, информациите од јавен карактер беа тешко достапни.[69]„Не случајно Македонија од релевантни меѓународни организации се третира како земја со делумна слобода на медиумите...". (Селмани 2011).

Извештаите на домашните и меѓународните организации кои се занимаваат со слободата на говорот стануваа сè покритични за слободата на медиумите. Амнести интернешнл (Amnesty International) обвини дека „премиерот Груевски и неговата влада го користат својот мандат како изговор за да продолжат да ги изолираат, маргинализираат и замолчат медиумите кои им се критички настроени".[70] Во 2012 Фридом хаус (Freedom House) земјата ја рангираше дури на 115. место на листата на медиумските слободи во светот, цели 17 места подолу од рангирањето во 2011 год.[71] Негативни оценки имаа и Меѓународниот комитет за заштита на новинарите (Committee to Protect Journalists)[72] и Медиумската организација за Југоисточна Европа (South East Europe Media Organization – SEEMO)[73] Меѓународната и Европската федерација на новинарите констатираа: „Новинарите во Македонија се под силен притисок од политичарите и сопствениците на медиумите па е неподносливо да се работи како новинар".[74] Голема грижа искажа и Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Американскиот Стејт департмент во своите редовни годишни извештаи за состојбите со почитувањето на човековите права во Македонија ги констатира притисоците врз слободата на говорот и слободата на печатот во земјата.[75] И редов-

69 Селмани, Насер, „Слободата на изразување е исклучок", Дневник, 24.09.2011, Скопје

70 Amnesty International, 2011, "Macedonian government must stop silencing critical media",5 July 2011.

71 FreedomHouse, достапно на https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2012/macedonia, пристапено на 06.12.2016

72 Комитет за заштита на новинарите 2011, Committee to Protect Journalists, "Press freedom issues may keep Macedonia from EU", 17 October 2011.

73 South East Europe Media Organization–SEEMO, Report on the SEEMO pressfreedommissiontothe Republic of Macedonia, 4-6 October 2011

74 Меѓународната и Европската федерација на новинарите (IFJ and EFJ), 2011, Support Campaign for Independent Journalism and Pluralism in Republic of Macedonia, 7 July 2011

75 ЗНМ, Документи, 2012, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, пристапено на 10.12.2016

ните извештаи на Европската унија години station наназад содржат критики за состојбите со медиумите во Република Македонија.[76]

Во 2011 година влошените состојби со слободата на изразување, која наместо правило стана исклучок во општеството, го мобилизираа еснафското здружение. ЗНМ отвори два паралелни фронта за подобрување на состојбите. Едниот за подобрување на законската рамка, другиот за зголемување на одговорноста на медиумите. Со иницијативата за формирање Совет на етика во медиумите, ЗНМ се стремеше да ја сподели одговорноста на новинарите и сопствениците на медиумите во примената на професионалните стандарди. Од друга страна, ги пресретна обидите на власта да донесе порестриктивно законодавство, со кое се обиде да ја регулира новинарската етика со закон.

На 14 септември 2011 ЗНМ и Владата воспоставија институционален дијалог за подобрување на состојбата со слободата на медиумите. За таа цел беше потпишан и меморандум за соработка, во кој беа договорени темите на дијалогот: подобрување на нормативната рамка, владини кампањи, зајакнување на јавниот сервис - МРТВ, декриминализација на клеветата и формирање Совет за етика во медиумите.

Непосредно по тоа, во ноември 2011 година, во Маврово, на собирот на медиумската заедница, воспоставувањето тело за саморегулација во медиумите беше еден од клучните приоритети предвидени во усвоениот Акционен план. На 18 март 2011 год. во рамките на ЗНМ беше формирана работна група одговорна за иницирање основање на саморегулаторно тело во медиумите. Членовите на таа работна група ги црпеа искуствата на Норвешка, на БиХ и на Косово во областа на саморегулацијата. А поединци од нив и искуствата на другите регионални саморегулаторни тела и регионални мрежи. Работната група составена од новинари уредници, сопственици и експерти организира неколкукратни средби со регионалните центри на ЗНМ каде на членството на ЗНМ му беше презентиран концептот за саморегулација. По неколкумесечни консултации, ЗНМ ги вклучи

76 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012, стр.14 достапно на http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Registar-na dokumenti/PR2012_MK3(2).pdf пристапено на 10.12.2016

главните уредници и сопствениците на медиумите. Идејата стана широко прифатена од сите чинители на медиумскиот систем. На 29 јуни 2011 година, мнозинството од медиумите ја потпиша Декларацијата за поддршка на процесот на саморегулација во медиумите.[77]

Во меѓувреме, на 13 јуни 2012 година ЗНМ го договори законското решение со Владата за декриминализација на клеветата и навредата. Ставот на претседателот на Здружението, Селмани, беше дека е воспоставен систем кој му дава можност на новинарот да ја докаже вистината на напишаното, ако во тоа не успее, да се извини, или да биде објавен демант. „Според Законот, крајна мерка ќе биде изрекување мерка надомест за нематеријална штета".[78]

Од друга страна, продолжија заложбите на ЗНМ за воспоставување саморегулацијата. Беше спроведена анкета во ноември 2012 меѓу новинарите, уредниците и сопствениците на медиумите, кои во големо мнозинство го поддржаа процесот на саморегулација.[79] Според Извештајот на ЗНМ за работата на Управниот одбор во 2012, биле реализирани 6 локални настани во вториот квартал од 2012 низ 6-те регионални центри на ЗНМ со вклученост од над 120 новинари, потоа 6 локални настани во четвртиот квартал од 2012 низ 6-те регионални центри на ЗНМ со вклученост од над 140 новинари. Биле организирани 23 состаноци во Скопје со сопственици на медиуми и претставници на менаџментот и регионалните центри со вклученост од 135 лица (состаноци не биле одржани единствено со претставници на една национална телевизија и дневен весник).[80] Биле изработени 8 нацрт-процедури за работата на Советот за етика и бил ревидиран Нацрт-статутот. Бил спроведен двомесечен мониторинг на прекршување на професионалните стандарди од медиумите и изработен извештај. Биле реализирани обука и соработка со претставници на косовскиот Совет за печат. Бил изработен, испечатен и дистрибуиран промотивен материјал за саморегулација во сите ме-

77 ЗНМ, 2011, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, пристапено на 12.12.2016

78 Канал 77, 2012, „ЗНМ и Владата се договорија – клеветата декриминализирана" 14.06.2012, Скопје

79 Архива на ЗНМ, Анкета за основање саморегулаторно тело, 29.11.2012

80 ЗНМ, Извештај за работата на ЗНМ 2013 УО (стр.3), достапно на http://znm.org.mk/?page_id=1362, пристапено на 10.12.2016

диуми. Кон крајот на април 2013 година била одржана финалната конференција. [81]

Додека ЗНМ ја анимираше заедницата за воспоставување саморегулаторно тело, властите, иако декларативно го поддржуваа овој процес, сепак, ја демаскираа својата вистинска намера работејќи на донесување Закон за медиуми каде се обидоа со закон да ја регулираат новинарската етика. На 8 април 2013 ресорното министерство го објави во јавност Нацрт законот. Како одговор, во мај, ЗНМ ги достави забелешките кои произлегоа од широката дебата на новинарите, уредниците, експертите до Министерството за информатичко општество.[82] И во постапката која следеше ЗНМ поднесе неколку Амандмани на Законот кои се однесуваа на членот 24 и на членовите 9, 14, 117, 135 и 140. Здружението реагираше на членот 24 барајќи одложување на примена на Законот до влезот на Македонија во ЕУ поради оценката дека неговото донесување не само што нема да придонесе за поголема слобода на изразување и слобода на медиуми туку ќе воведе нови обврски и ограничувања за новинарите и медиумите, за кои постои голема опасност да бидат злоупотребени од секоја власт.[83] ЗНМ посочи дека дефинирањето на професијата новинар е непотребно и индиректно води кон лиценцирање на новинарството, што е во спротивност со искуствата во демократските земји каде влијателните блогери се повикуваат на прес-конференции на државни институции, како Хафингтон пост (Huffington Post), на пример. Здружението образложи дека нема потреба државата да ги штити правата на новинарите со посебен закон. Слободата на говор во Македонија е загарантирана со Уставот и со Европската конвенција за човекови права, која е ратификувана во Собранието на РМ. Од тука, за заштита на слободата на говорот доволно е државните органи да го почитуваат Уставот и праксата на Европскиот суд за човекови права.

ЗНМ забележа дека подобрувањето на состојбите не може да се постигне со зголемувањето на обврските на издавачите и на новина-

81 ЗНМ, Извештај за работата на ЗНМ 2013 УО (стр.4), достапно на http://znm.org.mk/?page_id=1362, пристапено на 10.12.2016

82 ЗНМ, Анализа на нацрт законот за медиуми, ЗНМ мај 2013, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, пристапено на 09.12.2016

83 ЗНМ, Образложение на амандманот на законот за медиуми, 19.08.2013, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, пристапено на 09.12.2016

рите туку со намалувањето на влијанието на власта во работата на медиумите. Во демократскиот свет и во Европа општо е прифатен стандардот дека помала регулација значи поголема слобода на изразувањето и на медиумите, додека преголемата регулација може да има ефект на одвраќање за слободата на изразувањето и слободата на медиумите и да ја поттикне уште повеќе веќе широко присутната самоцензура во македонските медиуми. Регулирањето на печатените и интернет медиумите не е на барање на ЕУ.[84] Тоа е барање само на Владата на РМ. Она што бара Европската комисија, посочи ЗНМ во своите амандмани, е уредување на начинот како Владата троши јавни пари во медиумите. Единствен е ставот на еснафот дека основна причина за отсуството на медиумски плурализам и непочитување на професионалните стандарди е корупцијата во медиумите поттикната од владата.

## 1.5 ОСНОВАЊЕ НА ПРВИОТ СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ

Обидите на Владата да ги регулира со закон етичките начела ЗНМ ги пресретна на 19 декември 2013 год., со основањето на Советот за етика во медиумите, една седмица пред донесувањето на Законот за аудио и аудиовизуелни услуги, на 25 декември 2013 година. На основачкото собрание присуствуваа претставници на ЗНМ, на МИМ и на сопствениците на медиумите. Новинарите ги претставуваше ЗНМ, додека сопствениците на медиумите беа претставени директно преку свои делегирани претставници, бидејќи немаа свое здружение. Практично беа присутни најголемите издавачи на дневните весници и на националните телевизии (МПМ, Нова Македонија, Коха, Лајм, МРТВ, Канал 5, Телма, 24 Вести итн.). Преку Здружението на локалните радиодифузери во Република Македонија беа претставени 60-тина локални и регионални радија и телевизии. Имаше и десетина претставници на интернет медиуми. На Собранието беа избрани членовите на Управниот и на Надзорниот одбор. Управниот одбор има седум члена и седум нивни заменици. Четворица се претставници на сопствениците на медиумите, а другите тројца се предложени

84 ЗНМ, Образложение на амандманот на законот за медиуми, 19.08.2013, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, пристапено на 10.12. 2016

од ЗНМ.[85] Во Управниот одбор како претставници на медиумите беа избрани Марина Домазетовска од МПМ како претставник на печатените медиуми, Билјана Трендафилова од МТВ, Ивана Костовска од Телеграф како претставник на интернет медиумите и Сашо Митановски од ЗПММ како претставник на регионални медиуми. По предлог на ЗНМ, Собранието за членови на Управниот одбор ги изгласа Исуф Кадриу од Алсат-М, Катерина Синадиновска од Капитал и Драган Антоновски од интернет порталот Локално.мк. Собранието, исто така, ги избра и членовите на Надзорниот одбор на СЕММ, од кои тројца членови се од претставници на медиумите и двајца од ЗНМ. Како претставници на медиумите во ова тело се избрани Горан Гаврилов од Канал 77, Соња Маџоска од Утрински и Семи Мемети од Алмакос, додека претставници на новинарите предложени од ЗНМ се Зоран Фиданоски од ТВ Алфа и Александар Димковски од Нова Македонија.

Делегатите ги усвоија Статутот и правилниците за работа на СЕММ.[86] Извршната канцеларија ја сочинуваат директор и извршна канцеларија. Комисијата за жалби има седум члена. Двајца се претставници предложени од новинарите (ЗНМ), двајца се од сопствениците и тројца ја претставуваат јавноста.

Во мај 2014 беа избрани членовите на Комисијата за жалби. Промоцијата на Комисијата се одржа на 30 септември, а беше потврдена на 16 октомври 2014. Телото што одлучува по жалбите на граѓаните во однос на неправилностите во медиумските содржини е составено од 7 члена.[87] Двајца од нив се претставници на сопствениците, Лидија Богатинова и Мери Јордановска, тројца од граѓанскиот сектор, Сефер Тахири, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски, и двајца новинари, Беким Ајдини и Мирче Адамчевски, кој потоа е избран за претседател на Комисијата. Комисијата работи според деловник усвоен од Управниот одбор. Според тој акт, Комисијата

---

85 ЗНМ, Формиран советот за етика на медиумите на Македонија, 19 декември, 2013, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/711, пристапено на 11.12.2016

86 ЗНМ, Формиран советот за етика на медиумите на Македонија, 19 декември, 2013, достапно на http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/711, пристапено на 11.12.2016

87 24 Вести, Почна да функционира комисијата за жалби од медиумите, 30.09.2014, достапно на http://24vesti.mk/pochna-da-funkcionira-komisijata-za-zhalbi-od-mediumi, пристапено на 11.12.2016

нема да разгледува анонимни жалби. Секој граѓанин, правно лице и други претставници на јавноста може да поднесат жалба поврзана со објавените содржини во медиумите. Жалба може да се поднесе во рок од еден месец откако е објавен новинарскиот текст или прилогот против одреден медиум, но не и против поединечни новинари. Извршната канцеларија на СЕММ е должна да испита дали жалбата е во рамките на надлежностите на советот. Доколку жалбата не е во надлежност на Советот, Извршната канцеларија може да ја одбие и да ги извести подносителите за причините.[88] Во зависност од сложеноста на предметот, Извршната канцеларија може да иницира еден вид медијација, односно помирување на страните во спорот, како и да побара медиумот да го искористи своето право на одговор на подносителот  на жалбата, односно да ги образложи своите мотиви и аргументи зошто го објавил тој прилог или текстот. Комисијата за жалби е должна да ги разгледа сите жалби барајќи од подносителот на приговорот, како и од медиумот против кој е поднесена таа жалба, да ги достават сите неопходни факти и информации. Комисијата  има рок од еден месец да се произнесе по предметот, освен доколку не постојат оправдани причини рокот да се продолжи. Одлуката што ја донела Комисијата за жалби се испраќа до медиумот. Прекршителот треба да ја објави одлуката на местото што е определено од страна на Советот, а Советот од своите членови бара објава на одлуката. Објавувањето е бесплатно во сите медиуми, членки на Советот.

Важно е што Комисијата  разгледува и жалби против медиуми кои не се членови на Советот. Процедурата и за овие жалби е иста како и онаа што се применува за членките на Советот, со таа разлика што наместо одлука, Комисијата донесува мислење. Доколку медиумот не е членка на СЕММ и не сака да соработува со Советот, тогаш Советот донесува мислење за жалбата врз основа на достапните информации. Своите одлуки и мислења Комисијата ги објавува на својата веб-страница и испраќа соопштенија до сите медиуми, членки и нечленки на Советот за етика.  „Многу е важно Комисијата да работи непристрасно, за што максимално сите ќе се залагаме. Не помалку важно е Комисијата да создаде углед во јавноста како професионално тело на кое јавноста ќе му верува." Адамчевски ( 2014).

88 Адамчевски, Мирче, прес-конференција на Комисијата за жалби при СЕММ, 30.09.2016, Скопје

Советот за етика е конституиран според светски стандарди. За првпат во Македонија во него се вклучени заедно и сопствениците, новинарите и граѓаните. Телото е трипартитно со цел да бидат застапени интересите на сите актери. „Најдобрата работа е што во Советот беа внесени и провладините и проопозициските медиуми. И тоа е најголемиот квалитет на ова тело. На основачкото собрание имаше 60-70 медиуми што се јавуваат како основачи на Советот за етика во медиумите. Но, добро е, со тек на време, и оние коишто не се основачи, доколку увидат дека навистина имаат доверба во ова тело, да пристапат."[89]

Македонија беше една од последните земји од опкружувањето во кои се формираа совети за етика во медиумите. Тоа е показател дека во многу сложени и тешки околности фелата презеде одговорност за воспоставување систем на саморегулација и се спротивстави на власта да ја регулира со закон новинарската етика.

За две години постоење Комисија за жалби на СЕММ донела над 130 одлуки и мислења. Најчести подносители на жалби се граѓаните, самите медиуми и политичарите, а најчести приговори се однесуваат на вистинитоста и нефер известувањето, говорот на омраза и навредите и клеветите. Значењето на саморегулацијата полека се препознава, но сè уште е потребно да се работи активно на информираноста и за значењето и ефектите на саморегулацијата во заштитата на слободата на медиумите и правото на јавноста да биде етички и професионално информирана.[90] Бројот на пристигнатите жалби и интересот на граѓаните, но и на другите организации и институции влева надеж дека саморегулацијата како процес може позитивно да влијае врз подобрување на медиумскиот систем во земјата.[91]

Но, постојат уште најмалку две придобивки од постоењето на СЕММ. **Првата е посредништвото, од кое** се очекува да придонесе за

89 Селмани, Насер, 2014, интервју за потребите на магистерска теза„ Компаративна анализа на моделите за саморегулација на медиумите", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Институт за социолошки и политичко правни истражувања, 25.12. 2014, Скопје

90 Telegraf.mk, 2016, прес-конференција на СЕММ, 29.06.2016, достапно на http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-sovet-za-etika-vo-mediumite-najmnogu-zalbi-za-nefer-izvestuvane-govor-na-omraza-i-za-kleveta.nspx, пристапено на 10.12.2016

91 Тахири, Сефер, прес-конференција на СЕММ, (29.06.2016)

намалување на бројот судски предмети за навреда и за клевета. **Втората сериозна причина е тоа што одлуките на СЕММ, де факто**, **може да се користат како стручно мислење во евентуална судска постапка за навреда и за клевета**. [92]

Еден од предизвиците за постоењето на СЕММ е и финансирањето. Засега тоа прашање е решено преку проекти финансирани од Холандската амбасада во Скопје, УНЕСКО (UNESCO), Европската Унија и Швајцарската агенција за меѓународен развој. По правило, ваквите совети се финансирани од членките, но и од државата, и тоа без никакви условувања.

Сепак, најголемата одговорност за работата на СЕММ лежи во членовите на Жалбената комисија, кои мора да најдат сила на објективен и неселективен начин да ги разгледуваат и да одлучуваат по жалбите на јавноста. Она што не смее да им се случи е да ги дискриминираат медиумите поради нивната уредувачка политика. Медиумите се слободни да избираат каква уредувачка политика ќе водат и никој не смее да им приговара за тоа. Но, Комисијата мора да се води од своите ингеренции, а тоа е всушност да одлучува дали и во кој случај се прекршени или не добрите практики на професионалното новинарство.

92 Блажевски, Теофил, Проверка на факти од медиумите, достапно на http://mediumi.kauza.mk/2015/04/29/samoregulacijata-vo-mediumite-vo-makedonija-mission-possible/ пристапено на 11.12.2016

# 2. ПОСТИГНУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ВО МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРАКТИКИ

Слободни и професионални медиуми се камен темелник на секое демократско општество. Од таа причина, слободните земји избегнуваат строга законска регулација на работата на медиумите. Дури, Соединетите Американски Држави, во првиот амандман на нивниот устав[93], гарантираат дека Конгресот нема да донесе закон со кој ќе се ограничи слободата на говорот.

Но, слободата на медиумите со себе повлекува и одговорност. Новинарите и медиумите мора да служат единствено на јавниот интерес на граѓаните и не смеат да дозволат да се злоупотребуваат за остварување политички и економски интереси на одредени центри на моќ.

За да се обезбеди ваквата одговорна функција на медиумите во демократија и да се спречат евентуалните злоупотреби, Меѓународната федерација на новинари[94] во 1953 година усвои Декларација за принципите на однесување на новинарите, со која новинарите се обврзуваат да трагаат по вистината со цел да се оствари правото на граѓаните да се информираат.

Врз основа на овие принципи, во 2001 година новинарите во Македонија донесоа Етички кодекс[95], во кој се залагаат дека во својата работа ќе бидат чесни, објективни и точни. Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.[96]

93 Устав на САД, Првиот амандман, достапно на https://www.law.cornell.edu/constitution/first_amendment

94 МФН, Етички кодекс на МНФ, 1953/1986, достапно на http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/

95 ЗНМ, 2001, достапно на http://znm.org.mk/?page_id=1412

96 Ибид

Основни принципи врз кои се заснова кодексот на новинарите на Македонија се принципите за вистинитост и објективност, принципот на избалансираност и на јасна разлика меѓу веста и коментарот, принципот на чесност и независност и други.

## 2.1 АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЧЕСТА НА ЗНМ

За спроведување на основните принципи на професионалното новинарство, во Македонија се создадени саморегулаторни тела. Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија се грижи за примената на принципите на кодексот од страна на новинарите, додека Жалбената комисија на Советот за етика во медиумите во Македонија ја следи примената на професионалните стандарди од страна на медиумите.

СЕММ како саморегулаторно тело се формира за да се засили механизмот на саморегулација во медиумите и да се заштитат медиумите од сите форми на притисок. Медиумите се попрофесионални и поодговорни кон јавноста ако постои заедничка заложба на новинарите и сопствениците на медиумите да се применуваат доследно принципите на кодексот.

Советот на честа на ЗНМ работи на принципот на разгледување претставки од страна на оштетените граѓани, но доста случаи разгледувал и на сопствена иницијатива, тогаш кога постоело основано сомневање за прекршување на кодексот. За разлика од саморегулаторното тело на ЗНМ, Жалбената комисија на СЕММ работи исклучиво на жалби од страна на граѓаните.

Советот на честа за 15 години постоење има решено околу сто претставки доставени од граѓаните или иницирани по сопствена иницијатива. Во најголем дел од претставките Советот утврдил прекршување на етичкиот кодекс, додека дваесет проценти од нив ги отфрлил како неосновани или се прогласил за ненадлежен. Бројот на одбиените претставки потврдува дека Советот ги толкува одредбите на кодексот на либерален начин давајќи предност на принципот на слобода на изразување.

Во услови кога саморегулаторното тело на ЗНМ забележало тенденција на тешки прекршувања на кодексот на новинарите во повеќе

медиуми, реагирало со генерални соопштенија, без да спомнува имиња на медиуми или новинари. Во тие реакции Советот принципиелно ги осудува овие тешки прекршувања на кодексот и ги повикува новинарите на одговорност. Оваа форма на реагирање Советот на  честа ја применува особено по 2010 година, кога со новиот статут е оневозможена да решава претставки за работата на новинарите што не се членови на ЗНМ.

Анализирајќи ја работата на Советот на честа во овој 15-годишен период, може да се извлече заклучок дека степенот на кршење на професионалните стандарди од медиумите е поврзан со политичките процеси во земјата. Деградацијата на македонското новинарство оди паралелно со појавата на политичката криза во 2008 година и нејзината ескалација по 2012 година. Како што се заострува политичката битка меѓу владејачките партии и опозицијата, медиумите постојано ги напуштаат принципите на професионалното новинарство и стануваат дел во бескомпромисна политичка пресметка за власт. Со тоа највлијателните медиуми целосно се претвораат во пропаганда машинерија на власта. Место да служат на јавниот интерес, тие се поклонуваат на политичките и економските интереси на партиите и сопствениците на медиумите.

## 2.2 КАКО ПОЛИТИЧКАТА КЛИМА ВЛИЈАЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА МЕДИУМСКАТА СОДРЖИНА

Паралелно со појавата и заострувањето на политиката криза и влошувањето на состојбите во медиумите, Македонија продолжува да паѓа драматично на светските листи за слободата на медиуми. Во 2008 година земјата во индексот за слобода на медиумите на Репортери без граници [97] беше рангирана на 42. место, од вкупно 174 држави на светот, додека во 2012 година[98], по четири години, земјата падна на 94. место на индексот, за цели 52 места.

97 РБГ, Светски индекс за слобода на печатот 2008, достапно на https://rsf.org/en/world-press-freedom-index-2008

98 РБГ, Светски индекс за слобода на печатот 2012, достапно на https://rsf.org/en/world-press-freedom-index-20112012

Периодот од 2001 година до сега, кога во Македонија постои изграден механизам на саморегулација во медиуми, врз основа на степенот на почитување на принципите на кодексот, може да се подели на  три дела. Првиот дел трае до 2008 година, кога медиумите генерално се придржувале на професионалните стандарди, со чести примери на прекршувања на кодексот. Парадоксално е што по војната од 2001 година медиумите во Македонија покажуваат поголема приврзаност кон почитување на професионалните стандарди, во споредба со времето што следува.

Советот на честа најактивен бил во периодот меѓу 2006 и 2010 година, кога се решени најголем дел од претставките. Фактот дека пред 2008 година медиумите известувале попрофесионално се гледа не само од пресудите што Советот ги донел во тој период туку и од едномесечниот мониторинг на начинот на известување на македонските медиуми, што членовите на Советот го спроведувале во јуни 2007 година. „Процентуално во поголемиот дел од објавените содржини кај мониторираните медиуми се забележуваат почитување и придржување на основните принципи на новинарскиот кодекс. Сепак, исклучоците не се реткост", се вели во извештајот.

Од извештајот јасно се гледа дека најчестите прекршувања на новинарите се однесуваат на непочитување на приватноста на граѓаните, објавување  идентитет на малолетници, непочитување на презумпција на невиност, тенденциозно информирање и во еден случај бил забележан еклатантен пример на говор на омраза, и тоа во јавниот радиодифузен сервис Македонска радио-телевизија.  Но, со право може да се констатира дека во овој период појавата на говорот на омраза во медиумите може да се третира како инцидента појава, додека повеќе е присутен говорот на дискриминацијата по разни основи.

## 2.3 НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ

Во извештајот се констатира дека непочитувањето на презумпцијата на невиност произлегува практично од неизбалансирано известување, кое се потпира на само еден извор. „Овој тип отстапување

од кодексот е масовен и присутен во сите медиуми. Тоа пред сѐ се должи на фактот што единствен извор на податоци е МВР и неговите обвинувања, кои допрва треба да бидат проверени во судска постапка. Но, за медиумите, полициското обвинување е најчесто сосема доволно за на полниот идентитет на личноста да додадат квалификации како ‚крал на подземјето', ‚монструозен педофил', ‚локален манијак' и слично".

Овој факт во извештајот се илустрира со два примери од апсењето на двајца граѓани обвинети за трговија со дрога и педофилија. Во првиот случај медиумите пренесувале информација дека полицијата го уапсила „главниот наркодилер во Битола", без да напоменат дека тој е само осомничен за тоа дело, со што медиумите го прогласуваат за виновен пред судот да се изјасни. Исто така, медиумите известувале непрофесионално и за апсење на едно лице во Струмица, осомничен за педофилија. Дописникот на Канал 5 од овој град на први јуни истата година известувал дека полицијата го уапсила „педофилот од Моноспито" со што практично го прогласил за виновен. „Ваков тип примери има многу. Всушност, ниту еден медиум не смета дека е потребно да го сокрие идентитетот на лицето кое се сомничи за криминал, иако тој сѐ уште не е докажан, ниту, пак, има какви било етички дилеми околу прикажување на полициски снимки од акцијата. Некои медиуми дури не сметаат дека е потребно во прикажувањето на снимките да назначат дека нивниот извор е МВР. За разлика од ова, општоприфатена пракса е да се почитува презумпцијата на невиност сѐ додека не заврши судската постапка, освен ако станува збор за јавна личност од висок профил", се оценува во извештајот.

Како тенденциозно известување, во извештајот, се третира непристрасното и неизбалансирано известување на медиумите. Ваквите прекршувања се илустрираат со начинот на известување на медиумите за изборите во Фудбалската федерација на Македонија. Така на пример, весникот Вечер објавувал серија текстови со кои се сакало да се дискредитира тогашниот претседател на ФФМ, Џ. Хаџиристевски, и селекторот С. Катанец. Весникот објавувал разни документи и при тоа не им дал можност на засегнатите страни да искажат став во врска со обвинувањата за наводните злоупотреби.

Единствениот случај на говор на омраза што Советот на честа го регистрирал во текот на мониторингот била емисијата емитувана на Македонската радио-телевизија посветена на книгата „Крваво досие", од авторот Петар Поповски, во која Гегите (Албанците) со еден квазинаучен и псевдо-историски пристап се претставуваат како криминогена нација. „Советот едногласно заклучи дека во овој случај, под маската на презентирање 'научна студија' ѝ е даден публицитет на една несомнено шовинистичка теорија која шири омраза и етничка нетрпеливост, што е за најостра осуда".[99]

Меѓутоа, тогаш Советот забележал една многу интересна појава, која е навестување на тоа што ќе следи во следниот период, кога се влошува начинот на известувањето на медиумите со појава на отворен говор на омраза. Пред 2008 година говорот на омраза се појавува камуфлирано во контактни емисии на телевизија, каде водителите не само што не се дистанцираат од таков непримерен вокабулар на гледачите туку премолчено и го толерираат. Овој дискурс на медиумите е на граница меѓу говорот на омраза и дискриминација.

Така, во емисијата „Гласот на народот", емитувана на Македонската радио-телевизија на 28 август 2008 година[100], водителот Слободан Томиќ полемизира со ставовите на новинарот Бранко Геровски без да го обезбеди неговото присуство на емисијата. Советот констатира дека Томиќ грубо ги прекршил професионалните стандарди затоа што место да полемизира со ставовите на Геровски, им дозволил на гледачите да искажат лични дисквалификации против него и неговото семејство. „Слободното изразување на мислењето, што има свој израз особено во интерактивните емисии, не подразбира слобода во навредувањето и омаловажувањето на другите луѓе", се потсетува во реакцијата на Советот на честа. Соочен со трендот на брутална медиумска пресметка со неистомислениците преку таканаречени „народни одгласи и реакции" и „авторски" коментари, Советот ги повикува новинарите доследно да ги почитуваат етичките стандарди на професијата.

99 Ибид

100 ЗНМ, Реакција на совет на честа, 2008, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/54

Советот на честа објавува слична реакција во април 2008 година,[101] во врска со однесувањето на одговорниот уредник на Телевизија Сител, Драган Павловиќ Латас, кој на вестите од 27 февруари ги обвини претставниците на опозицијата и граѓанскиот сектор како предавници кои работат за Грција со цел да се смени името на Македонија. За Советот спорни се оценките на Латас дека „секој Македонец би се срамел од тој чин", и дека „своите капацитети ги стави на располагање на грчката амбасадорка... како да успее во борбата на Македонија да ѝ го наметне името", кои се изнесени без какви и да е аргументи и докази. Советот, исто така, потсетува дека новинарите мора да направат разлика меѓу фактите и мислењата и да обезбедат професионална дистанца од политичките партии. Вреди да се напомене дека во оваа реакција Советот го дефинира и поимот на говор на омраза, кој се сфаќа како: „секој говор што има за цел да навреди, понижува, исплаши или поттикне насилство или штетна акција против одредена личност или група врз основа на нивната политичка, расна, социјална, полова или сексуална различност".

## 2.4 ЗАЧЕСТЕНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Вториот период на константното опаѓање на професионализмот во работата на македонските медиуми почнува со појавата на политичката криза во 2008 година, која добива на интензитет во наредните четири години. Во овој период прекршувањата на кодексот стануваат позачестени и потешки. Причина за тоа е злоупотребата на медиумите за политички интереси, со што новинарите ја губат професионалната дистанца од политичките процеси.

Ваквата појава Советот ја евидентира кон крајот на 2008 година[102]. Тогаш Советот објавува реакција со која ја осудува злоупотребата на медиумите во пресметката помеѓу сопственикот на Сител Телевизија, Љубисав Иванов-Ѕинго, и сопственикот на А1 Телевизија, Велија Рам-

101 ЗНМ, Совет на честа,Реакција, 2008, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/49

102 ЗНМ, Совет на честа, Реакција, 2008, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/60

ковски, во која се вклучени и весниците Шпиц, Време и Вечер. Советот оценува дека начинот на кој овие медиуми известуваат околу темите за аграрот е сериозно во спротивност со нормите и стандардите на одговорното и објективно новинарство. „Советот апелира и ги потсетува новинарите кои се принудени да бидат експонентни на одреден политички или бизнис центар на моќ дека не само што имаат право да одбијат задача која не е во согласност со новинарските правила и стандарди туку се должни да го сторат тоа бидејќи одговорноста за непрофесионалниот ангажман не може да биде колективна туку секогаш има име и презиме", смета Советот на честа и додава дека пресметката меѓу „газдите" оди не само преку грбот на новинарите туку и на сметка на достоинството на новинарската професија. Освен тоа, Советот ги повикува новинарите на непослушност и да одбијат да одработуваат туѓи агенди под закрилата на „јавниот интерес".

Поради економските интереси, но и поради политичките амбиции на одредени сопственици на национални телевизии, медиумите се профилираат политички и отворено навиваат за својот политички фаворит. Советот на честа заедно со Управниот одбор на ЗНМ,[103] на 14 мај 2011 година, реагираат на А1 Телевизија, која во рамките на вестите упатува повик до граѓаните да учествуваат на предизборниот митинг на здружената опозиција. Здружението ги потсетува уредниците на А1 дека медиумите можат да декларираат одредена политичка опција, но при тоа мора да се придржуваат кон професионалните стандарди. „Со повикот емитуван во вестите на А1 директно се прекршува членот 14 од Кодексот на новинари и не се прави потребната дистанца од активностите на политичките субјекти во предизборната кампања", се истакнува во реакцијата.

Идентично пристрасно известување имало и во медиумите што ја поддржувале владата. Тоа особено се забележува по начинот на известување за прашањето за името. Во вестите на Телевизија Сител од 17 март, 2008 година,[104] се пренесува дезинформација дека Грција во Виена вложила вето на приемот на Македонија во НАТО. Советот, при тоа, оценува дека таквото однесување на Сител го

103 ЗНМ, Совет на честа, Реакција, 2011, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/96

104 ЗНМ, Совет на честа, 2008, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/47

прекрши етичкиот кодекс, кој од новинарите бара да се објавуваат „точни и проверени информации и да не се прикриваат суштински факти". „Повикувајќи се на информацијата за трите предлози на Нимиц, Сител извлече заклучок дека Грција вложила вето за македонското членство во НАТО, иако преговорите во Виена не се место каде таа земја може да стави вето на македонската кандидатура", се истакнува во реакцијата.

## 2.5 ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МАКЕДОНСКИТЕ МЕДИУМИ

Искуството на Советот на честа на ЗНМ по 2008 година говори дека во македонските медиуми најчести прекршувања на кодексот се однесуваат на појавата на говор на омраза и дискриминација, како и поттикнување  предрасуди и стереотипи по разни основи, етничка, политика или сексуална определба. Тогаш Советот е особено активен против најтешките форми на прекршување на кодексот, одлучувајќи по доставените претставки од граѓаните или реагирајќи по сопствена иницијатива.

Во тие јавни реакции Советот јавно и остро ги осудува прекршувањата на кодексот и истовремено ги потсетува медиумите на обврската да ги почитуваат стандардите и да водат грижа за достоинството на новинарската професија. Посебно остри се реакциите на Советот против говорот на омраза и повикувањето на насилство против неистомисленици на власта, новинарите и хомосексуалците. Последните се колатерална штета бидејќи пропагандистите на власта ги злоупотребуваат предрасудите и стереотипите на општеството за хомосексуалците како маргинализирана група, со цел да ги претставаат критичарите на власта како „изроди". Во сите овие случаи Советот констатира дека ваквата форма на изразување не може да се третира како право за слобода на изразување туку е негова негација и злоупотреба.

Најчесто говор на омраза Советот регистрирал во дневниот весник Вечер и телевизијата Сител. Најеклатантен таков пример на говор на омраза и поттикнување насилство против новинари и неистомисленици на власта е објавувањето на список на луѓе, јавни личности и нови-

нари, на 18 декември во весникот Вечер,[105] каде се обвинуваат критичарите на власта дека се платеници на Грција, кои служат на грчката пропаганда да издејствува промени името на земјата". Против ваквото однесување на Вечер остро реагирал Советот на честа, кој смета дека прогласувањето предавници, именување и објавување списоци е чин кој драматично наликува на времињата на најцрниот тоталитаризам. „Советот на честа не може и нема да набљудува како новинарството станува алатка во рацете на бескрупулозните пропагандисти, кои преку медиумите се пресметуваат со неистомислениците или со критичарите на актуелната политичка гарнитура", истакнува Советот.

Ист пример на говор на омраза, кој е во служба на медиумската пресметка на власта со неистомислениците, каде има и дискриминација врз сексуална ориентација, Советот има евидентирано во истиот весник во ноември 2009 година, кога е објавен текст со наслов „За проредерските изјави, Владе Милчин ќе оди на суд". Текстот е опремен со порнографска фотографија, каде непознатиот автор пишува дека Милчин ги штити хомосексуалците, а ги напаѓа сите други. Објавувањето на ваквиот текст, Советот на честа го оценува како грубо кршење на професионалните стандарди. „Посочениот текст во весникот 'Вечер' и фотографиите со кои е опремен е еклатантен пример како се поттикнува омраза кон одредена малцинска група. Со употреба на порнографски елементи се испраќа пораката дека сите хомосексуалци се како тие на фотографијата и дека тоа е суштината која нив ги одредува. Таа фотографија е избрана за да поттикне омраза, гадење, таа го вперува прстот во хомосексуалците и сите кои се против нивната дискриминација како 'луѓе од другата страна' на моралот", се истакнува во осудата.[106]

Членовите на Советот забележуваат дека освен што Вечер објавува текст преполн со елементи на говор на омраза туку во исто време шири и дискриминација по основа на сексуална ориентација. Во истиот текст, весникот пренесува изјава на уредникот Драган Павловиќ-Латас во која хомосексуалците се претставуваат во екстремно негативно светло. „Нема понетолерантна сорта од педерската сор-

105 Вечер, 2009, достапно на http://vecer.mk/makedonija/grcija-gi-plakja-nivnite-a-vo-makedonija-svoite-novinari-za-da-pomine-grchkiot-predlog

106 ЗНМ, Совет на честа, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/84

та... само педерите се педери-педери, ние, за среќа, сме на другата страна, и за разлика од нив правиме деца живеејќи согласно со природата", се цитира проблематичната изјава на Латас, како аргумент врз кој е донесена пресудата.

Освен тоа, Советот заклучува дека во истиот текст се прекршени и други принципи на кодексот, како што е користењето непристоен јазик со што се нарушуваат угледот и достоинството на новинарската професија.

## 2.6 СТЕРЕОТИПИ ВО МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РОМИТЕ

Непрофесионално известување во македонските медиуми има и кога се обработуваат теми поврзано со ромската заедница. Ваквата појава Советот на честа ја констатира во нејзината одлука[107] решавајќи по претставката на група студенти Роми во врска со објавен текст во дневниот весник Дневник, на втори јануари 2009 година. „Во македонските медиуми генерално постои тенденција за пренесување одредени стереотипи кога станува збор за известување или обработување на темите кои се поврзани или се однесуваат на ромската заедница. Медиумите активно или пасивно (само како преносители) учествуваат во ширењето и зајакнувањето на стереотипот за Ромите како сиромашни, како луѓе кои 'живеат во неурбанизирани населби, картонски куќи и улици низ кои течат фекалии' од една страна и како за луѓе кои 'и покрај тоа постојано се весели и пеат'", се констатира во одлуката.

Според Советот, медиумите мора да бидат свесни дека ефектот од истовременото медиумско пренесување на овие два клишеа е поразителен за перцепцијата на Ромите во општеството и ги јакне негативните стереотипи за таа заедница.

Дискриминаторско и стереотипно известување за Ромите саморегулаторното тело на ЗНМ утврдило и во претставката против А1 Телевизија, која на 27 април 2009 година[108] пренесува информа-

107 ЗНМ, Совет на честа, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/62

108 ЗНМ, Совет на честа, Одлука, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/75

ција за протест пред судот во Кочани. Советот заклучува дека посочувањето на националната припадност на протестантите не само што е неоправдано туку е и несоодветно. „Советот потсетува дека општоприфатен стандард во новинарството е дека наведувањето на националноста, полот, расата, верската припадност или сексуалната ориентација е оправдано само доколку тоа е директно важно за случајот за кој се информира, во спротивно станува збор за јакнење на стереотипите и предрасудите како вовед во дискриминација", заклучува телото.

Слично прекршување Совет на честа има утврдено и во весникот Време, кој на 10 април 2009 година[109] информира за тепачка меѓу граѓани од ромската заедница. Во одлуката се истакнува дека ваквата генерализација за Ромите произведува предрасуди и ги јакне стереотипите. „Имајќи предвид дека информирањето за малцинските групи бара особена внимателност и одговорност на новинарите, Советот потсетува дека генерализациите никогаш не се вистинити и дека предрасудите и стереотипите се вовед во дискриминација која не му доликува на одговорно и етично новинарство", се вели во одлуката.

Но, не сите претставки поврзано со известувањето на медиумите за Ромите Советот ги прифаќа како основани. Таков е текстот објавен во 20 февруари 2009 година во дневниот весник Дневник,[110] со наслов „Македонија има над 3 илјади луѓе фантоми". Во овој случај Советот не утврдил кршење на кодексот на новинарите по ниту една основа. „Советот потсетува дека јавниот интерес е клучен критериум на новинарскиот ангажман и поради тоа оценува дека станува збор за текст кој има за цел да обработи и информира за одредена појава од чиешто решавање ќе има полза целото македонско општество, а особено припадниците на ромската заедница и како таков е високо професионален и во согласност со најдобрите новинарски практики", се истакнува во одлуката.

Иста е одлуката на Советот за преставката поднесена против текстот со наслов „Баци фрли 20 илјади евра за невина невеста", објавен

109 ЗНМ, Совет на честа, Одлука, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/74

110 ЗНМ, Совет на честа, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/68

во весникот Вечер[111] на 4 август 2009 година. Советот оспорувајќи ја претставката тврди дека раните бракови кај ромската заедница се ноторен факт, кој лесно може да се провери искуствено и преку консултирање на литературата. ‘И денеска се склучуваат договорени бракови, а за невестата се плаќа по неколку илјади евра’ не е генерализација бидејќи авторот нема намера да тврди дека сите ромски свадби се такви‟, се објаснува одлуката.

## 2.7 ДРАСТИЧНО ОПАЃАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Драстичното опаѓање на квалитетот на медиумското известување во Македонија настапува по 2012 година, кога политичката криза ескалира со оспорување на изборните резултати од опозицијата во 2014 година и масовните граѓански протести. Во овој период настапува јасна инструментализација на медиумите од страна на власта, која нив ги користи како пропагандно средство за одржување на власт и за пресметка со политичките противници, преку лична дискредитација, користење жесток говор на омраза и дискриминација по разни основи.

Нова загрижувачка појава од овој период се координираните медиумски кампањи од провладините медиуми против опозицијата, други медиуми што ја критикуваат владата, претставници на граѓански сектор или државни институции што се надвор од контролата на власта. Овие лица од провладините медиуми се изложени на жесток говор на омраз и дискриминација и се атакува врз нивниот углед и достоинство претставувајќи ги како криминалци или предавници.

Вакви агресивни напади Советот на честа забележал решавајќи по претставката на Уставниот суд[112], против Телевизијата Сител, неделникот Република, весникот Вечер и интернет порталите Курир и Press 24. Судот се жали на начинот на кој известувале овие медиуми во врска со негативната одлука на Судот кон намерата на власта јавно да ги објави имињата на осудените лица за педофилија. Самиот факт што една претставка за сите медиуми е доставена од

111 ЗНМ, Совет на честа, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/81

112 ЗНМ, Совет на честа, 2013, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/662

Уставниот суд и начинот на решавање од Советот, укажува на тоа дека и судот и Советот се свесни дека постои одредена координирана тенденција на овие медиуми да се оцрни угледот на уставните судии пред јавноста, претставувајќи ги нив како заштитници на педофилите.

Советот недвосмислено утврдува масовно кршење на професионалните стандарди од сите наведени медиуми во претставката. Најтешки прекршувања се евидентирани во начинот на известувањето на неделникот Република, кој обидувајќи да ги открие мотивите на Судот против решението да се објавуваат јавно имињата на педофилите, ги претставува судиите како неспособни, нехумани луѓе, без разум и родителски порив, корумпирани и со изопачени педофилски нагони. „Авторот ја искористува податливоста на темата која природно буди интензивна реакција и емоција, па го пренасочува негативното чувство по однос на самото кривично дело кон личностите на судиите, а и Судот како институција, обидувајќи се да ги оцрни и во политичка конотација", констатира Советот.

Со исклучиво негативен и агресивен тон на известување за одлуката на Уставниот суд информирале и другите медиумите наведени во претставката. Во врска со телевизија Сител, Советот смета да известувањето е тенденциозно: место да известува за одлуката на Судот, имплицира партиска пристрасност на судиите, додека порталот Курир паушално ги обвинува судиите дека место да застанат во одбрана на жртвите, се ставиле во одбрана на сторители на грозоморен чин.

Слично мислење Советот усвоил и за известувањето на порталот Press 24 и весникот Вечер. Во првиот случај се констатира некоректно толкување на одлуката на судот, додека во другиот весникот се занимава со личните семејни состојби на судиите со цел да им се наштети на нивните углед и чест.

Во време кога Советот нема право да ја оценува работата на новинарите што не се членови на ЗНМ, наоѓа начин да ја регистрира појавата на непримерна злоупотреба на новинарите од разни центри на моќ заради промоција на нивните интереси.[113]

113 ЗНМ,Совет на честа, Реакција, 2015, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/884

## 2.8 ТРЕНД НА ОБЈАВУВАЊЕ НЕПОТВРДЕНИ ИНФОРМАЦИИ

Во генерална реакција од март 2015 година Советот ги повикува сите новинари да водат сметка какви информации објавуваат, каков речник користат и со какви аргументи ги поткрепуваат своите текстови. На тоа треба особено да се води сметка кога медиумите објавуваат содржини што се директно насочени против некого. „Предупредуваме дека во огромен број случаи се објавуваат непроверени информации или непотпишани текстови, во кои се кршат новинарските професионални и етички норми и стандарди. При тоа многу често се шири говор на омраза и се создава состојба на линч против неистомисленици или во најмала рака нетрпеливост кон одредени личности и групи", заклучува Советот. Освен тоа, тој ги потсетува интернет порталите, како рамноправни со другите медиуми, да придонесуваат за заштита на слободата на говорот и на новинарството како професија, а не да поттикнуваат ширење на говор на омраза, нетолеранција и оцрнување на личности и групи.

Таков непримерен говор и дискриминација по етничка основа Советот утврдил и во случајот на порталот Мактел, кој на 24 јули 2016 година објавува видеозапис со пратеникот Амди Бајрам, опремен со наслов: Радуј се Циго, уште малце и пак ќе одиш у Шутка, извалкан си до гуша у криминал[114]. Советот остро го осудил ваквото непрофесионално однесување на уредникот Ивановски, кое се коси со новинарската етика. „Сопственикот на Maktel.mk јасно манифестира говор на омраза и поттикнува дискриминација на национална и расна основа. Истовремено, ја навредува ромската заедница, што е неспоиво со новинарската професија", стои во мислењето на Советот и се додава дека приоритет на новинарите треба да биде негувањето на културните и етичките вредности оти се во интерес на јавноста и за слободата на говорот.

Еден од ретките отворените повици на Советот на честа[115] упатени до сите новинари е предизвикан од сензационалистичкиот начин на известување на медиумите за убиството на двајца млади Албанци

114 ЗНМ, Совет на честа, Мислење, 2016, достапно на http://znm.org.mk/?p=2612

115 ЗНМ, Совет на честа, Повик, 2012, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/337

во Гостивар од страна на полицаец од македонска националност поради банална расправија за паркинг. „Освен објективност, непристрасност и професионалност, потребни се смирувачки тенденции, а не сензационализам и текстови кои придонесуваат за разгорување на страстите и меѓуетничките тензии", смета Советот и ги повикува новинарите да се издигнат на висината на професионалното новинарство.

Ставање на економските интереси на медиумот на преден план на сметка на новинарската професија е примерот со невештиот инцидент предизвикан од телевизијата Канал 5[116], која во јуни 2012 година во вестите објавува информација за наводна авионска несреќа. Подоцна Телевизијата се извини признавајќи дека направиле „неумешна" реклама, но Советот на честа ваквото однесување го оцени како злоупотреба и груба дезинформација, со која економскиот интерес на телевизијата се става над јавниот интерес на граѓаните. „Телевизијата предизвика страв и заблуда кај граѓаните, и тоа свесно, за да изрекламира своја емисија. Истовремено, чувствата на граѓаните се повредени и кај нив е предизвикан страв и недоумица", се истакнува во реакција.

## ОДБИЕНИ ПРЕТСТАВКИ ОД СОВЕТОТ НА ЧЕСТА

Советот во текот на својата работа има одбиено многу претставки против новинарите како неосновани. Во март 2015 година кабинетот на претседателот Ѓорге Иванов[117] доставува претставка против дневниот весник Вест паради непрофесионално известување за меѓународната активност на претседателот. Претставката е одбиена од Советот со објаснување дека авторот на текстот јасно прецизирал дека предмет на анализа на работата на претседателот се официјалните меѓународни државнички средби, а не работните средби. Втор аргумент со кој се одбива преставката е дека информациите се црпени од официјалниот сајт на претседателот, кој е релевантен извор.

116 ЗНМ, Совет на чста, Реакција, 2012, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/374

117 ЗНМ, Совет на честа,Одлука, 2015, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/taxonomy/term/145

Како неосновани, одбиени се две други претставки против Дневник поднесени од Министерството за внатрешни работи[118] и Царинската управа[119]. Утврдено е дека немало прекршување на кодексот затоа што пренесените информации биле точни и им било овозможено на засегнатите страни да ги презентираат нивните гледишта.

## 2.9 КРАТОК ПРЕГЛЕД НА РАБОТАТА НА СЕММ

Од друга страна, СЕММ за нешто повеќе од две години функционирање има разгледано над 130 жалби на граѓаните. Во убедливо најголем процент од разгледаните претставки Жалбената комисија на СЕММ има утврдено прекршување на кодексот на новинарите. Само во 28 предмети Комисијата не утврдила прекршување затоа што во 16 случаи таа била неоснована, а во останатите или се затворени поради тоа што странките се помириле или предметите од разни причини се затвориле. Ретко која основана пресуда се однесува на само еден член од Кодексот туку многу често Комисијата во ист предмети открива два или повеќе членови.

Од разгледаните жалби, најчесто, во 76 предмети, Комисијата утврдила дека медиумите го прекршиле членот еден од Кодексот, во кој од новинарот се бара да објавува точни и проверени информации и нема да прикрива суштински податоци. Точноста на информација ќе ја проверува колку што е можно, а тогаш кога ќе стане збор за претпоставка или шпекулација, ќе го обзнани тоа.

Чести прекршувања, во 64 предмети, Комисијата има констатирано и на членот 13 на Кодексот, кој од новинарите бара да направат разлика меѓу фактите и мислењата, односно меѓу веста и коментарот. Членот 10, кој на новинарите им налага да не преработуваат информации што ги загрозуваат човековите права и слободи и нема да говорат со јазикот на омразата и дискриминацијата по која било основа, е на трето место по утврдени повреди на кодексот. Такво прекршување Комисијата има најдено во 35 жалби.

118 ЗНМ, Совет на честа, Одлика 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/66

119 ЗНМ, Совет на честа,Одлука 2012, достапно на http://bit.ly/2h1DRD2

Во помал број предмети, Комисијата утврдува прекршувања на членот 14 и 16 од Кодексот, што се однесуваат на непристрасно и избалансирано известување на новинарите, како и обезбедување професионална дистанца од партиите, односно на обврската на новинарите да го чуваат угледот и достоинството на професијата и да поттикнуваат на солидарност, без да ги употребат медиумите за пресметка со другите. Во 22 предмети Комисијата има констатирано дека новинарите изгубиле дистанца од партиите и во исто толку предмети каде го нарушиле угледот и достоинството на професијата.

Далеку помал број пресуди се однесуваат на прекршувања на членовите 7 и 11, кои налагаат почитување на приватноста на личноста, односно придржување кон општествените стандарди на пристојност и почитување на различностите во Македонија.

# 3. ЕТИКАТА ВО ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС ВО РМ

## 3.1 САМОРЕГУЛАЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕРВИС ВО РАМКИ НА СФРЈ

Европската медиумска политика се заснова врз концептот на јавен интерес во медиумската сфера. Во теоријата на медиумското право и медиумската политика, концептот на јавниот интерес се поврзува со „доброто владеење" и „ефективната граѓанска партиципација".[120] Остварувањето на јавниот интерес во радиодифузијата е најмногу поврзано со улогата и задачите на јавниот радиодифузен сервис, не исклучувајќи ги и другите два радиодифузни сектора – комерцијалниот и непрофитниот. Јавниот радиодифузен сервис е одредница на демократското општество, всушност сервис на граѓаните. Во Амстердамскиот протокол за системот на јавната радиодифузија во земјите членки на Европската Унија, од 1997 година се нагласува дека јавната радиодифузија е директно поврзана со исполнувањето на демократските, општествените и културните потреби на секое општество и претставува фактор на кохезија во општеството. Со други зборови, јавниот сервис не треба да ѝ служи ниту на власта, парламентот, претседателот, политичките партии, ниту на кој било друг центар на моќ. Тој мора да биде независен од сите центри на моќ и да им служи само на интересите на граѓаните. Улогата и задачите на јавниот радиодифузен сервис се најсеопфатно дефинирани во Резолуцијата број 1 за иднината на јавната радиодифузија, усвоена во 1994 година на Четвртата министерска конференција за политиката на мас-медиумите во Прага[121] , а подоцна и во Препораката R (96) 10 на

120 Buckley, S., Duer, M. K., Mendel, T., &O'Siochru, S. (2008), Broadcasting, Voice, and Accountability: A Public Interest Approach to Policy, Law, and Regulation, Washington: University of Michigan Press.

121 4TH EUROPEAN MINISTERIAL CONFERENCE ON MASS MEDIA POLICY (PRAGUE, 7-8 DECEMBER 1994), достапно на https://wcd.coe.int/com.instranet.InstraServlet?command=com.instranet.CmdBlobGet&InstranetImage=411463&SecMode=1&DocId=517420&Usage=2 ,пристапено на 14.12.2016

Советот на Европа за гарантирање на независноста на јавниот радиодифузен сервис. По овие два клучни документа, Советот на Европа и Парламентарното собрание усвоија уште низа препораки и резолуции[122], кои ги афирмираат и нагласуваат вредностите и принципите вградени во првите два документа. Во овие документи се утврдуваат мисијата и програмските карактеристики на јавниот радиодифузен сервис, особено неговата улога во примената и промовирањето на професионалните стандарди и етичките норми во медиумите.

Почетоците на телевизијата во Македонија се поврзани со развојот на радиотелевизискиот систем во рамките на СФРЈ, кога на 14 декември 1964 година биле емитувани првите телевизиски вести во траење од 20 минути. Во својата програма во периодот на самоуправувањето во рамките на заедничката државна Радио-телевизија Скопје, согласно членот 19 од Законот за јавно информирање од 1974 година била должна покрај придржувањето до законите: „во вршењето на оваа дејност да се придржува до начелата на општествената и професионалната етика и кодексот на новинарите, да ги почитува вистината, честа, угледот и правата на работните луѓе и граѓаните, да ги почитува интересите на општествената заедница, да придонесува за остварувањето на самоуправувањето и на човечките права и слободи,...Новинарите и другите лица што се занимаваат со информирање на јавноста се одговорни за точноста на пренесувањето на информациите"[123] На РТС како радиодифузна организација тогаш согласно членовите 65-68 кои се однесуваат на „Исправката" како инструмент на одговорност кон јавноста му се наложува регулација на примената на етичките норми од страна на новинарите и уредниците.

122 Достапно на http://www.coe.int/en/web/freedom-expression, пристапено на 12.12.2016

123 Службен весник на СРМ бр.20, стр 459, 29 април 1974 год. достапно на,http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ A13900384849485BA96D4F3F2B8FE59B.pdf, пристапено на 12.12.2016

# 3.2 САМОРЕГУЛАЦИЈАТА ВО ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО

Во 90-тите, слично како и во другите екс-југословенски земји, Република Македонија сакаше да го прекине стариот систем на државна контрола, пропагандно ориентирана радиодифузија и се ориентираше кон јавен сервис како посакувана алтернатива (Broughton-Micova:1)[124]. Во почетните фази на демократска Македонија овој процес беше исклучително тежок. Земјата формално го напушти стариот систем, меѓутоа потфрли во примената на вредностите на демократското уредување и од сферата на јавната радиодифузија.

Во рамките на поширокните општествени промени, Собранието на Република Македонија, на 10 мај 1991 година, ја прифати одлуката на „Работничкиот совет на РТС" со која куќата се преименува во Македонска радио-телевизија, а ТВ Скопје во Македонска телевизија.[125] Потоа функционирањето на МРТВ беше уредено со законот од 1999 како Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија (Службен весник бр. 6/98 и измени службен весник бр.78/04).

Дури во 2005 година со Законот за радиодифузна дејност (член 122) МРТ се задолжува при создавањето и емитувањето на програмата да ги почитува професионалните принципи, а со истиот Закон (член 133), Советот на МРТ добива надлежност да донесе акти за етичките и професионалните стандарди во создавањето на програмите на МРТ.[126] Но, таквата обврска МРТ не ја исполни ниту во следниот период.

Државниот завод за ревизија во 2008 година утврдил дека: „Советот на Македонската радио-телевизија на 10.07.2006 година извршил измени во Статутот на претпријатието при што се врши менување на органите на управување и раководење, а на 01.08.2006 година биле избрани членовите на Управниот одбор, кои имале обврска до

124 Broughton Micova Sally (2010), Finding a Niche: Small States Public Service Broadcas ng in Slovenia and Macedonia. (RIPE)

125 МРТ јавен сервис на граѓаните? 2013, достапно на http://www.soros.org.mk/CMS/Files/Documents/MRT-Javen-servis-na-gragjanite.pdf, пристапено на 10.12.2016

126 Службен весник на РМ, бр.100, 2005, достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ 74AEA2A6F3A1454E895BE81FB97 AF16A.pdf, пристапено на 11.12.2016

10.10.2006 година да ги донесат општите акти на претпријатието. Донесувањето на општите акти до наведениот датум не е целосно почитувано"[127] Меѓу пропишаните општи акти кои не се донесени е и Декларација за етичките и професионалните стандарди во создавањето на програмите.

Во периодот од 2001 до 2008 година новинарите и уредниците при вршењето на работните обврски ги почитуваа своеволно начелата од Кодексот на новинарите донесен на 14.11. 2001 година од Здружението на новинарите на Македонија. Кодексот преведен на јазиците на сите етнички заедници, на кои се емитува програма на МРТ, беше поставен на видливо место во сите редакции и програмски сервиси на јавниот сервис до 2008 година. Од тогаш Кодексот на новинарите е отстранет од видливите места и новинарите единствено се консултираат со него преку веб-страницата на ЗНМ.[128] Тоа особено придонесува за сè поголемите отстапувања во примената на професионалните стандарди, особено од уредниците на јавниот сервис.

Во јавниот сервис состојбите со непочитувањето на новинарската етика се влошуваат во периодот по донесувањето на измените на Законот за радиодифузија во 2011, кога експресно беше зголемен бројот на членови на Советот за радиодифузија, од 9 на 15. ЗНМ реагираше дека со предложените промени во составот на Советот за радиодифузија Владата сака да оствари целосна контрола врз ова регулаторно тело.[129] Тоа, од друга страна, значеше зголемување на влијанието на владејачките партии и во уредувачката политика на МРТ и напуштање на етиката во производството и емитувањето на програмата, спротивно на мисијата на јавниот сервис во смисла на општествена одговорност и отчетност кон граѓаните со чии пари главно се финансира. Во МРТ. преку контролата на Програмскиот совет, на раководни функции се поставуваа пред сè партиски кадри

127 Државен завод за ревизија, 2008, (стр.22-25), достапно на http://www.dzr.mk/Uploads/2006%20-%20JP%20Makedonska%20radio-televizija.pdf, пристапено на 14.12.2016

128 Интервју со новинари од редакциите на двата програмски сервиси на МТВ, реализирано од 01.12.2016 до 6.12.2016

129 DW, ЗНМ:„ Владата има намера да го контролира СРД", 2011, достапно на http://www.dw.com/mk/знм-владата-има-намера-да-го.../a-15249092, пристапено на 14.12.2016

кои не обезбедија независност од различни облици на влијание. Вестите и актуелно-информативните програми низа години останаа под влијание на политичките структури на власт, така што довербата на публиката во нивната независност и непристрасност речиси целосно беше изгубена.„МРТ денес не е 'форум за јавна дебата', ниту, пак, обезбедува доволно простор за слободно изнесување идеи, мислења или критика."[130] За Здружението на новинарите, ценејќи ја важноста на јавниот сервис во медиумскиот систем на едно демократско општество, МРТ стана една од главните агенди во преговорите со Владата. Таа тема стана актуелна и во Акциониот план на широката медиумската заедница. [131]

Во Законот за радиодифузна дејност од 2005 година, неколкупати изменуван и дополнуван до 2012 година, е јасно наведено дека програмите на МРТ треба да бидат независни од кој било центар на моќ: „Заради остварување на јавниот интерес, МРТ е должна да обезбеди програмите што се произведуваат и емитуваат да бидат заштитени од какво и да е влијание на власта, политички организации или центри на економска моќ" (член 121, став 1, алинеја 1). Во членот 122 се утврдува и дека: „МРТ е должна при создавањето и емитувањето на програмите да ги почитува професионалните принципи и на различните интереси во општеството да им обезбеди рамноправен пристап, да се залага за слободата и плурализмот на изразување на јавното мислење..."[132] Статутот на МРТ, во член 32, предвидува Советот на МРТ да донесе „акти со кои се регулираат етичките и професионални стандарди во создавањето на програмите на МРТ".Оваа одредба е препишана од членот 133 на Законот за радиодифузна дејност. Но, Советот на МРТ и до 2013 не ја исполни својата обврска, односно не донесе акти со кои се регулираат етичките и професионалните стандарди во создавањето на програмата.

130 Трпевска, Снежана, Јакимовски, Љубомир Шопар, Весна, Петковска, Билјана, Трајкоска Жанета, Анализа на јавната радиодифузија во Република Македонија во контекст на европската медиумска политика, 2010, Скопје, достапно на http://www.vs.edu.mk/vs.edu.mk/attachments/1143_Analiza_na_javen_servis.pdf , пристапено на 13.12.2016

131 ЗНМ, „Акциски план ЗНМ-МИМ март2012", Скопје, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Akciski%20plan_ZNM_MIM_22_March_mk.pdf

132 Службен весник на РМ бр. 100, 2005, достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/74AEA2A6F3A1454E895BE81FB97AF16A.pdf , пристапено на 12.12.2016

Со Законот за аудио и аудиовизуелни услуги во 2013 година, во член 111, кој се однесува на стандардите и начелата, е одредено: „При продукција или презентација на програмите, новинарите и уредниците во МРТ, како и лицата кои директно се инволвирани во производството и продукцијата на програмите во МРТ, покрај другото, се должни да се придржуваат кон начелото на вистинитост, непристрасност и сеопфатност на информациите, да се придржуваат кон начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледишта, да обезбедуваат непристрасни, сеопфатни и важни информации и истите да ги презентираат јасно, недвосмислено и на начин на кој граѓаните ќе имаат можност слободно да го формираат своето мислење, да не застапуваат или фаворизираат ставови или интереси на одредена политичка партија, здружение, личен интерес, религија или идеологија и во програмите еднакво да го уважуваат мислењето и уверувањето на другите, како и да ги почитуваат приватноста, достоинството, угледот и честа на индивидуата."[133] Почитувањето на оваа одредба е добра основа за иницирање воспоставување на саморегулаторно тело во рамките на МРТ. Предусловите се заокружуваат со членовите 14 и особено членот 43 од Статутот на МРТ каде Програмскиот совет добива надлежност да ги донесува општите правила за програмски и професионалните стандарди во МРТ[134]

Конечно, на 17 ноември 2015 година раководството на МРТ го презентираше текстот на Етичкиот кодекс. На јавната дебата новинарите и снимателите, здруженијата на новинари и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги **ги искажаа забелешките на предложениот текст.**[135] **ЗНМ ги поддржа заложбите на МРТ за донесување на етичкиот кодекс,** но побара да биде одложено поради бројните забелешки кои ги имаше по однос на документот. Основна забелешка беше дека нацрт кодексот ги меша

133 Службен весник на РМ бр.184, 2013, Закон за аудио и аудиовизуелни услуги,(стр.31) достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf, пристапено на 12.12.2016

134 Службен весник на РМ бр 17, 2015 , Статут на Јавно радиодуфузно претпријатие МРТ, достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/3972172cb0e147d5a200e237b5b7aad3.pdf, пристапено на 12.12.2016

135 Telegraf.mk,2015, достапно на http://telegraph.mk/default.aspx?ItemId=07674e30-62b6-41b4-a5ca-9bd40154d9bd&newsArticleId=81c28d34-3ac7-44d5-b837-47c5810c2d0a&, пристапено на 12.12.2016

етичките стандарди на новинарите со работната дисциплина. Со цел да не се внесува конфузија, ЗНМ достави писмени забелешки за подобрување на текстот. Меѓу другото, ЗНМ побара:

- Кодексот да се подели на два дела. Во Етичкиот кодекс да се обработуваат само етичките начела на новинарската професија, а во другиот дел да се регулираат прашањата поврзани со работната дисциплина. Оваа поделба е неопходна затоа што е недозволиво на исто место да се регулира етиката која произлегува од професионалните стандарди на новинарската професија и работната дисциплина што се регулира со закон, подзаконски акти и колективни договори. ЗНМ предупредува дека доколку не се поделат овие две прашања, ќе предизвикаат конфузија во примената, затоа што раководството ќе може да ги злоупотреби недореченостите во Кодексот против новинарите;

- Етичкиот кодекс да се однесува на новинарите и креативниот кадар на МРТ, а не на сите вработени во куќата. Реално, етичкиот кодекс не може да го прекрши вработен во правната служба, на пример;

- Во Кодексот на едно место треба детално да бидат обработени принципите на новинарското известување, како што се: принцип на вистинитост и објективност, принцип на избалансираност, принцип на јасна дистинкција меѓу информација и коментар, принцип на чесност и независност, принцип на професионална солидарност, принцип на уредувачка независност и професионален интегритет, принцип на почит и толеранција, принцип на слобода и одговорност;

- Членот 11, кој предвидува вработените во МРТ да не можат да покренуваат судски постапки или да побараат помош од еснафските здруженија кога им се прекршени правата од работен однос или се изложени на цензура, е законски неиздржан затоа што им ги скратува правата на новинарите што ги имаат согласно други закони и овозможува новинарот да биде изложен на мобинг во рамките на МРТ;

- Крајно проблематичен и конфузен е членот 12, со кој новинарите се обврзуваат во јавните настапи да ги почитуваат деловните и програмските интереси на МРТ. Никаде јасно не е

прецизирано таксативно кои се тие деловни и програмски интереси. Неприфатливо е, според ЗНМ, на новинарите да им се забранува да даваат изјави во јавност за работењето на МРТ. Основен принцип на новинарската професија е дека новинарот нема да скрие ништо што е од јавен интерес, па нема да премолчи ниту евентуална информација поврзана со злоупотреба во куќата;

- На ставот еден од член 21, кој предвидува дека известувањето од криминални дејствија, судски постапки, сообраќајни незгоди и други несреќи не треба да биде сензационалистичко или не треба да предизвикува непријатност, страв или паника, потребно е да му се додаде нов став. Во него треба да биде додадено дека може да има отстапка ако се загрозени човечки животи и јавниот интерес. Доколку не се прави исклучок од сензационалистичкото известување, првиот став може да претставува блага форма на цензура. Освен тоа, Европскиот суд за човекови права јасно им го признава правото на новинарите да претеруваат и да ја шокираат јавноста доколку целта е да се предизвика дебата за прашања од јавен интерес;

- Нејасно е од каде се извлечени кованиците објективно значење на јавноста или објективно значење на случувањата. Ваквите нестандардни кованици можат само да го релативизираат јавниот интерес и да воведат нестандардни форми на оценување што е оправдано, а што не;

- Членот 72 ги иззема одговорните уредници и уредниците на програмата од одговорност пред Комисијата за утврдување на повредите на Кодексот. Уредниците се пред сè новинари и тие имаат дури и поголема одговорност за почитување на етичките стандарди на новинарската професија. Па нема никаква причина тие да не подлежат на одговорност пред Комисијата. Последниот став од овој член разоткрива зошто под насловот Етички кодекс се регулираат етичките начела на професијата и работната дисциплина. Тоа остава сомнеж дека се прави намерно за врз непостоечки етички начела да се отпуштаат новинари од работа, односно свесна манипулација да се дисциплинираат непослушните новинари.

Уште дузина забелешки се нотирани од ЗНМ за подобрување на Етичкиот кодекс на МРТ. Тој мора да биде надграден и коригиран. По неколку обиди да се протурка донесувањето на Кодексот, Програмскиот совет на МРТ го одложи донесувањето на Кодексот.

Во отсуство на Кодекс на етика и по најавите за предвремени парламентарни избори, на 27 јануари 2016 беше промовиран прирачникот „Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање на изборни процеси". Овој документ требаше да им послужи на новинарите од јавниот сервис да известуваат слободно и непречено, непристрасно и правично.[136] Од друга страна, документот требаше да ѝ овозможи на публиката да биде информирана за изборниот процес, преку фер известување и аналитички осврт на кандидатите и за партиските кампањи и програми. Тој беше изработен како резултат на соработката помеѓу тимот на Би-Би-Си од Лондон, Британската амбасада во Скопје и МРТВ, како и Македонскиот институт за медиуми и Советот за етика во медиумите. Прирачникот е едноставен и поделен во три поглавја: Принципи за покривање изборни процеси, Општествена одговорност и личен интегритет на новинарите и Придонес од публиката и од учесниците во изборите. Принципите опфатени во документот се во согласност со законски одредби што се однесуваат на МРТ, обврските на МРТ утврдени во Изборниот законик, како и Кодексот на новинарите на РМ.

Политичкиот договор од Пржино предвиде можност опозицијата да номинира главен уредник на информативната програма на Јавниот радиодифузер (МРТ). Тој почна да ја врши својата должност 100 дена пред изборите. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во извештајот за мониторингот на изборното медиумско претставување на 18 програмски сервиси за период од 11 до 20 ноември 2016 година оцени дека МРТ за време на овој период известувал избалансирано.

Здружението на новинарите во низа документи посочува дека на јавниот сервис му се потребни длабоки и суштински реформи. Според ЗНМ, **за успешен јавен сервис потребни се стабилно финансирање и независен Програмски совет**.

---

136 достапно на http://www.time.mk/c/408bc3f05c/mrt-so-pravilnik-za-izvestuvanje-za-vreme-na-izborite-se-obvrza-na-nepristrasnost.html, пристапено на 13.12.2016

## 3.2.1 МРТ И НОВИНАРСКАТА ЕТИКА

Уште со независноста на земјата во 1991 година, Македонската радио-телевизија (МРТВ) е под силна политичка контрола на владејачките структури. Во текот на овие 24 години на македонската демократска транзиција, граѓаните и опозицијата никогаш не ја сметаа МРТВ за јавен сервис. Рејтингот, довербата и влијанието на МРТВ во јавноста секогаш беа на ниско ниво.[137]

Политичката и партиската контрола над МРТ е констатирана и од Европската комисија.[138] Во извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2014 година се констатира дека МРТ не ја исполнува во целост улогата на јавен сервис како извор на информативна медиумска содржина која е балансирана и непристрасна. „Политичката и финансиската независност на јавниот сервис не се сè уште точно определени".

Во финалниот извештај на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за претседателските и предвремените парламентарни избори 2014 година[139] се констатира дека известувањето на МРТ за изборната кампања било пристрасно во прилог на владејачките партии. „Јавниот радиодифузен сервис не успеа да обезбеди балансирана и еднаква покриеност на сите кандидати", се истакнува во извештајот.

## 3.3 МРТ И ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ

Ваквите оценки за работата на Македонската радио-телевизија ги потврдува и Советот на честа на ЗНМ. Досега Советот реагирал во шест наврати на примери на непрофесионално известување. Во еден случај се работи за класичен говор на омраза, кој е елабориран погоре, додека другите се поврзани со пристрасно известување во прилог на партиите на власт.

Првиот случај е од јули 2009 година,[140] кога МРТВ пренесува видеозапис од јутуб (youtube) за Љубе Бошковски, каде тој е претставен

137 Ибид

138 ЕК, Извештај 2014, http://bit.ly/2hXmKCm

139 ОБСЕ, Извештај 2014, достапно на http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom /121926?download=true

140 ЗНМ, Совет на честа, Реакција 2009, http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/86

како предавник. Советот го осудава претворањето на МРТ во алатка за пресметка со неистомисленици преку спроведување брутална хајка и отворен линч. „Прогласување 'предавници' со жестока пропагандистичка реторика не само што не е професионално туку е и исклучително опасно бидејќи се создава атмосфера која поттикнува на насилство, атмосфера во која некому му се загрозува безбедноста со објавување на еднострани обвинувања, сведоштва и 'пресуди' - без при тоа да се чујат и неговите аргументи", стои во реакцијата на Советот, во која се повикува медиумскиот регулатор да преземе санкции за непримерното однесување на јавниот сервис.

На сензационалистички стил МРТ известува и во октомври 2012 година,[141] кога на вестите е пренесена дезинформација дека во Солун екстремисти убиле грчки државјанин со македонско потекло. Советот оценува дека со објавувањето непотврдени информации се доведува во заблуда јавноста, се предизвикува немир меѓу луѓето и се повредуваат нивните чувства. Според Советот, ваквите примери придонесуваат новинарите сами да ја девалвираат својата професија и да ја спуштаат на ниво во кое јавноста повеќе нема доверба. „Оваа професија не трпи несериозен однос, импровизација и непрофесионалност, како што тоа е направено во случајот со објавувањето на веста за наводното убиство на македонскиот студент во Солун", се констатира во реакцијата.

Слични прекршувања на кодексот поврзани со партиско навивање имало и на програмата на албански јазик на МРТ. Првиот тежок инцидент од оваа природа се случува на седми април 2008 година[142], кога на централните вести на албански јазик се известува неизбалансирано во прилог на владејачката албанска партија. Во текот на емитување на прилозите, освен логото на телевизијата на десна страна, на левата страна на екранот се појавува и логото на ДПА.

Друг инцидент во кој е инволвирана програмата на албански јазик на МРТ се случува во март 2009 година[143]. Тогаш одговорниот уред-

141 ЗНМ, Совет на честа, реакција 2012, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/471

142 ЗНМ, Совет на честа, Реакција, 2008, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/53

143 ЗНМ, Совет на Честа, Реакција, 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/72

ник на програма, Мигена Горенца, го води партискиот митинг на ДУИ во скопски Чаир. Со тоа, Горенца не одржала професионална дистанца од политичките процеси, посебно во време на избори.

# 4. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СЕНЗИТИВНИ ТЕМИ ОД ПРАКТИКА НА СОВЕТОТ НА ЧЕСТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА И СОВЕТОТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Македонскиот етички кодекс има широк опфат на теми на новинарско известување што ги третира како сензитивни, за кои не смее да се известува сензационалистички. Членот 8 од кодексот инсистира новинарите да бидат посебно внимателни кога информираат од случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки.

Искуството на Советот на честа на ЗНМ и на Советот на етика во медиумите покажува дека медиумите во разни периоди имаат известувано непрофесионално за повеќето теми наведени во членот осум од Кодексот, како што е известувањето за самоубиства, за настани во кои се вклучени деца, за семејно насилство и за почитување на правото на приватност на настрадани лица во несреќи. Советот на ЗНМ има регистрирано околу десет такви примери, додека Жалбената комисија на СЕММ околу 20.

# 4.1 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА САМОУБИСТВА И СУДСКИ ПРОЦЕСИ

Советот на ЗНМ уште во 2007 година[144] објавува генерално соопштение во кое ги предупредува новинарите дека начинот на известување за самоубиства може да потикне ново самоубиство. „Наведување на социјалните причини, како што е невработеноста, проблеми со училиштето или крај на романтична врска, може да биде биде разбрано како порака до сите кои имаат слични проблеми дека самоубиството е едно од можните решенија. Колоритни фрази, позитивен став кон чинот или сензационалистички пристап, особено доколку станува збор за популарна личност која е идол на младите, може да поттикне на самоубиство‟, посочува Советот и ги повикува новинарите да ја почитуваат приватноста на личноста и да не известуваат со сензационализам во случаи на самоубиство бидејќи станува збор за семејна трагедија.  Освен тоа, тој препорачува на медиумите да не објавуваат фотографии или снимки на починатите и да се избегне објавување на оставените писма и пораки. „Извештаите треба да водат сметка за членовите на семејството на жртвата, да не ја зголемуваат нивната болка, но и да не придонесат кон нивно жигосување‟, порачува Советот.

Типичен пример како медиумите не треба да известуваат од судски процеси е известувањето за судењето на обвинет каде му се суди на сериски убиец, од 22 и 23 декември 2008 година на Телевизијата Сител и на весниците Вечер, Вест, Утрински весник и Време.[145] Советот потенцира дека на критичниот ден наведените медиуми во своето известување за судењето во Охрид употребиле експлицитни формулации за извршените злосторства врз мртвите тела на жртвите со што може да им биде предизвикана дополнителна болка на роднините, пријателите, но и на гледачите. „Советот оценува дека некритичкото пренесување на делови од вештачењето за извршените злосторства во текот на судската постапка воопшто не беше нужно и не може да биде оправдано со правото на јавноста да биде инфор-

144 ЗНМ, Совет на честа, Соопштение 2007, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/46

145 ЗНМ, Совет на честа, Реакција 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/61

мирана", оценува Советот и додава дека поради тоа новинарите не ги почитувале личната болка и жалост на семејството и пријателите на жртвите и го прекршите нивното право на приватност.

## 4.2 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МАЛОЛЕТНИЦИ И ОД НЕСРЕЌИ

Тешко прекршување на правата на детето се забележува на 19 февруари 2009 година,[146] кога Телевизијата Канал 5 известува за семејно сексуално насилство во струшко село, при што медиумот недоволно ја заштитил малолетната жртва. Советот утврдил дека Канал 5 за сексуално насилство врз дете известува со сензација бидејќи ја интервјуира мајката на жртвата, како и надворешноста и внатрешноста на домот каде што живее жртвата. Освен тоа, Канал 5 ја снимил од зад грб и самата жртва, со што практично го открива нејзиниот идентитет. „Советот потсетува дека објавувањето или недоволната заштита на идентитетот на жртвите на криминалот, информирањето за детали од злосторството кои немаат оправдување во јавниот интерес, особено доколку станува збор за такви деликатни случаи како што е сексуално и семејно насилство, секогаш ја изложува жртвата на уште поголема траума и ја зголемува трагедијата", подвлекува во реакцијата Советот и бара институциите да не споделат информација со медиумите коишто може да го повредуваат правото на приватност, идентитетот и достоинството на жртвите.

Како крајно неетичко известување од сообраќајна несреќа се вестите на А1 Телевизија од август 2009 година[147], кога медиумот објавил снимки од сообраќајната несреќа во која загинаа мајка и ќерка, државјани на Република Србија. „Прикажувањето на снимките на човечки тела (дотаму изгорени што морале да бидат отстранети со лопати) е непримерено, непрофесионално и во спротивност со Кодексот кој бара почитување на приватноста и личната болка и жалост и во такви случаи известувањето да биде ослободено од сензационализми" , се вели во осудата на Советот. Според ова тело,

146 ЗНМ, Совет на честа, Реакција 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/63

147 ЗНМ, Совет на честа, Реакција 2009, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/80

замаглени снимки од несреќата може да се објават само доколку тоа го бара јавниот интерес.

Лош пример на известување од самоубиство Советот на честа регистрирал во мај 2013 година,[148] кога сите медиуми известувајќи за самоубиство наспроти зградата на Нова Македонија објавиле фотографија со безживотното тело на жртвата како виси. Освен тоа, некои медиуми дури го објавиле и идентитет на жртвата. Ваквото однесување на медиумите Советот го оценил како крајно неетички и непрофесионално. „Јавноста е ужасната, предизвикана е вознемиреност. Не се почитувани семејната и личната болка со цел да се дојде до сензационализам", потенцира Советот и ги повикува новинарите да не дадат предност на сензацијата пред човечката болка.

Сличен таков пример забележала и Жалбената комисија на СЕММ постапувајќи по жалбата на Даниела Калајџиски,[149] во врска со објавените фотографии во порталот plusinfo.mk , кои сведочат од самозапалување на девојка во Градскиот парк во Скопје.

Во одговорот на уредникот Бранко Геровски доставен до Жалбената комисија се тврди дека медиумите во светот објавуваат илјадници фотографии на умрени лица и тоа не може да се смета како непочитување на болката на нивните блиски. Дополнително, Геровски аргументира дека јавноста мора да знае затоа што самозапалувањето на жената е единствен настан од таков вид во историјата на Македонија. Освен тоа, тој тврди дека во моментот кога била објавена фотографијата, идентитетот на жртвата не бил познат, а подоцна се објавени само иницијали.

И покрај ваквите аргументи, Комисијата утврдила прекршување на членот 7, според кој новинарот треба да ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес и дека новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост. „Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување за потребата од сензација", потенцира Комисијата.

148 ЗНМ, Совет на честа, Реакција 2013, достапно на http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/608

149 СЕММ, Жалбена комисија, 2015, достапно на http://bit.ly/2h2WSU1

# ДЕЛ 1

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### КНИГИ, ПОГЛАВЈА, СТАТИИ


- 1.Balanova, E. (2007) Media, Wars and Politics – Comparing the Incomparable in Western and Eastern Europe, Ashgate Publishing Company
- 2.Bardoel,J.,d'Haenens,L.(2004).Media responsibility and accountability: New conceptualizations and practices.Communications,29(1),5–25.
- 3.Bertrand, C.J (2000) Media Ethics and Accountability Systems, Transaction Publishers
- 4.Bon Krogh, T. (ed.) (2007) Media Accountability Today... and Tomorrow Updating the Concept in Theory and Practice, Nordicom, University of Gothenburg
- 5.Christians, C.G. et al (1995) Media Ethics: Cases and Moral Reasoning (2nd ed.). New York: Longman.
- 6.Couldry, Nick (2013) Why Media Ethics Still Matters. In: Ward, Stephen J. A., (ed.) Global Media Ethics: Problems and Perspectives. Wiley-Blackwell, Chichester, pp. 13-28
- 7.Coyne, C.J., Leeson, P.T. (2009) Media, Development and Institutional Change, Edward Elgar
- 8.De Haan, Y. M. (2012) Between professional autonomy and public responsibility: accountability and responsiveness in Dutch media and journalism, University of Amsterdam
- 9.Eberwein, T., Fengler, S., et al (eds) (2011) Mapping Media Accountability – in Europe and Beyond, Köln: Herbert von HalemVerlag
- 10.Frohardt M., Temin J. (2003) Use and Abuse of Media in Vulnerable Societies, Washington DC, United States Institute of Peace
- 11.Gordon, A.D., Kittross, J.M., et al (2011) Controversies in Media Ethics (3rd ed.), Routledge.
- 12.Hallin, D.C., Mancini. P. (2004) Comparing Media Systems – Three Models of Media and Politics, Cambridge University Press
- 13.Howard R., (2003). Conflict Sensitive Journalism, IMPACS, 8-9, Denmark
- 14.Jo Bardoel, Y.D.H (2012) Accountability in the newsroom: Reaching out to the public or a form of window dressing? Studies in Communication Sciences 12 (2012) 17–21
- 15.Johannessen, R.L., Valde, K.S., Whedbee, K.E. (2008) Ethics in Human Communication, Waveland Press

- 16.McQuail, D. (1997). Accountability of media to society: Principles and means. European Journal of Communications 12 (4), 511-529
- 17.McQuial, D. (1997) Audience Analysis, Sage Publications
- 18.McPhail, T. L. (2006) Global communication: Theories, stakeholders, and trends. Malden, MA: Blackwell Publishing
- 19.Nasser, M. K. (1983) News values versus ideology: A third world perspective. In J.Martinand, & A. Chaudhary, Comparative Media System (pp. 32-48). Broadway, New York: Longman.
- 20.Reese, S D. (2010) Journalism and Globalization. Sociology Compass 4/6: 344–353
- 21.Reese, S. D (2001) Understanding the Global Journalist: a hierarchy-of-influences approach. Journalism Studies, Volume 2, Number 2, pp. 173–187
- 22.Shah, A. (2005) War, Propaganda and the Media Global Issues.(online) http://www.globalissues.org/article/157/war-propaganda-and-the-media, пристапено на 1 ноември 2016.
- 23.Tuneva, M. (2010) Diversity Reporting Handbook, School of Journalism and Public Relations, достапен на: http://www.cestim.it/argomenti/08media/2011-Diversity-Reporting-Handbook_EN.pdf, пристапено на 12 ноември 2016
- 24.Von Krogh, T. (2008) Constructive criticism" vs public scrutiny: attitudes to media accountability in and outside Swedish news media Media accountability today... and tomorrow: updating the concept in theory and practice, Nordicom, Göteborgsuniversitet
- 25.Ward, S.J.A (eds) (2013) Global Media Ethics: Problems and Perspectives. Chichester, UK: Wiley-Blackwell
- 26.Ward, S. J. A. (2008) Global Journalism Ethics: Widening the Conceptual Base. Global Media Journal - Canadian Edition, Volume 1, Issue 1, pp. 137-149
- 27.Wayatt, W. N (ed) (2014) The Ethics of Journalism – Individual, Institutional and Cultural Influences. I.B.Tauris & Co. LTD in association with the Reuters Institute for the Study of Journalism, University of Oxford
- 28.Ward, S.J.A (2005) Philosophical foundations of global journalism ethics. Journal of Mass Media Ethics (20-1), 3-21
- 29.Ward, S.J.A (2009) Covering Tragedy: Do Journalists Exploit Suicide, Center for Journalism Ethics
- 30.Тунева, М., Камењарова – Петреска, Е. (2010) Медиумите, граѓаните и интеркултурните комуникации, Висока школа за новинарство и односи со јавноста

# ДОКУМЕНТИ И ИЗВЕШТАИ


- 1.Council of Europe (1996) Recommendation No R (96) 10, Достапна на: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168050c770, пристапено на 11 ноември 2016
- 2.Council of Europe (2006), Recommendation Rec (2006)5 Достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=0900-0016805af657, пристапено на 3 декември 2016
- 3.Council of Europe (2012)Recommendation CM/Rec(2012)1Достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805cb4b4, пристапено на 21 ноември 2016
- 4.EthicNet, Code of Ethics of Slovene Journalists, Достапен на: http://ethicnet.uta.fi/slovenia/code_of_ethics_of_slovene_journalists, пристапено на 1 ноември 2016
- 5.EthicNet, Code of Ethics of Lithuanian Journalists and Publishers, Достапен на: http://ethicnet.uta.fi/lithuania/code_of_ethics_of_lithuanian_journalists_and_publishers, пристапено на 8 ноември 2016
- 6.EthicNet, Charter of Duties of Journalists in Italy, Достапна на: http://ethicnet.uta.fi/italy/charter_of_duties_of_journalists, пристапено на 9 ноември 2016
- 7.EthicNet, Honour Codex of Croatian Journalists, Достапен на: http://ethicnet.uta.fi/croatia/honour_codex_of_croatian_journalists, пристапено на 17 ноември 2016
- 8.European Institute for Gender Equality (2010), Gender Mainstreaming – A Strategy to Achieve Equality Between Women and Men, достапен на: http://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/methods-and-tools/croatia/croatian-radiotelevision-self-regulation-tools-action-plan-gender-equality-and-ethical-codex, пристапено на 2 декември 2016
- 9.European Commission (2010), Audiovisual Media Services Directive, Достапна на: https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/audiovisual-media-services-directive-avmsd, пристапено на 1 декември 2016
- 10.Hrvatska radiotelevizija (2013) Eticki kodeks za novinare i kreativno osobjle достапен на http://www.hrt.hr/fileadmin/video/Eticki_kodeks_za_novinare_i_kreativno_osoblje_HRT_a.pdf, пристапено на 11 ноември 2016
- 11.Hrvatska radiotelevizija (2013) Opca pravila o radu i ponasanju, Достапен на: http://www.hrt.hr/fileadmin/video/Opca_pravila_o_radu_i_ponasanju_zaposlenika.pdf, пристапено на 9 ноември 2016

- 12.Millenium Project (2006) Millenium Development Goals, Достапни на: http://www.unmillenniumproject.org/goals/, пристапено на 12 ноември 2016
- 13.Presserat, German Press Code, Достапен на: https://www.presserat.de/fileadmin/user_upload/Downloads_Dateien/Pressekodex13english_web.pdf, пристапено на 28 октомври 2016
- 14.RTV Slovenia (2000) Professional Standards ,достапни на: http://www.rtvslo.si/strani/professional-standards/17, пристапено на 2 ноември 2016
- 15.Slovenska Oglasevalska Zbornica (2009) Slovenski oglasevalski kodeks,д на: http://www.soz.si/sites/default/files/soz_sok_slo.pdf, пристапено на 13 ноември 2016
- 16.World Health Organization (2008) Preventing Suicide – A Resource for Media Professionals, достапен на: http://www.who.int/mental_health/prevention/suicide/resource_media.pdf, пристапено на 11 ноември 2016
- 17.UNESCO (2010) Media Development Indicators: A Framework for Assessing Media Development, достапни на http://unesdoc.unesco.org/images/0016/001631/163102e.pdf, пристапено на 8 ноември 2016
- 18.UNICEF, Principles and Guidelines for Ethical Reporting – Children and Young People Under 18 years old, достапни на https://www.unicef.org/uganda/Guidelines_for_Reporting_on_Children1.pdf, пристапено на 14 октомври 2016
- 19.United Nations (2000) United Nations Millenium Declaration, достапна на http://www.un.org/millennium/declaration/ares552e.htm, пристапено на 29 ноември 2016
- 20.United Nations Convention on the Rights of Persons with Disabilities and Optional Protocol, Достапна на: http://www.un.org/disabilities/documents/convention/convoptprot-e.pdf, пристапено на 14 ноември 2016

# ДЕЛ 2

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Адамчевски, М., Чаусидис, Т.,Петковска, Б., Трпевска, С., и Трајкоска, Ж. (2010), Осврт кон прашањето на саморегулацијата во медиумите во Македонија, Македонски институт за медиуми & Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, 2010
- Адамчевски, М., Прес-конференција на Комисијата за жалби при СЕММ, 30.09.2016, Скопје
- Зиберт, Ф.С., Петерсон, Т., и Шрам, В., „Четири теории за печатот", ПНИД „Степ", Скопје, 1994. Наслов на оригиналот: "Four Theories of the Press", Siebert, Fred S., Peterson, Theodore, and Schramm, Wilbur, University of Illinois Press, 1956
- Канал 77 , 2012, „ЗНМ и Владата се договорија – клеветата декриминализирана", 14. 06. 2012, Скопје
- Комитет за заштита на новинарите, 2011, Committee to Protect Journalists, "Press freedom issues may keep Macedonia from EU", 17 October 2011.
- Меѓународната и Европската федерација на новинарите (IFJ and EFJ), 2011,Support Campaign for Independent Journalism and Pluralism in Republicof Macedonia, 7 July 2011
- Ордановски С.,Исмаил, Ѓ., Станковски, Д., Ајдини Г., Јаневска-Делевска,А., Заробена демократија, развојот на сопственичката структура на медиумите во Република Македонија, ТМ,, Транспарентност Македонија", Скопје, 2012.
- Селмани, Н., Интервју:„Слободата на изразување е исклучок", Дневник, (24.09.2011)
- Тахири, С., Прес-конференција на СЕММ, (29.06.2016)
- Amnesty International, 2011, "Macedonian government must stop silencing critical media,5 July 2011.
- Bajdar,Yavuz. (2008). The media Self-Regulation Guidebook-all questions and answers:Setting up a journalistic code of ethics-the core of media self-regulation.Vienna: Office of the representative on freedom

of the media: Organization for Security and Co-operation in Europe (OSCE), стр.21-31

- Broughton Micova Sally (2010), Finding a Niche: Small States Public Service Broadcasng in Slovenia and Macedonia. (RIPE)
- Buckley, S., Duer, M. K., Mendel, T., &O'Siochru, S. (2008), Broadcasting, Voice, and Accountability: A Public Interest Approach to Policy, Law, and Regulation, Washington: University of Michigan Press.
- Haraszti, Miklos. (2008). Vodič za samoregulaciju medija. Insitut za medije Crne Gore
- South East Europe Media Organization – SEEMO, Report on the SEEMO press freedom mission to the Republic of Macedonia, 4-6 October 2011

## КОРИСТЕНИ ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

- Блажевски, Теофил , Проверка на факти од медиумите http://mediumi.kauza.mk/2015/04/29/samoregulacijata-vo-mediumite-vo-makedonija-mission-possible/ Пристапено на 11.12.2016
- Државен завод за ревизија, 2008, (стр.22-25), http://www.dzr.mk/Uploads/2006%20-%20JP%20Makedonska%20radio-televizija.pdf, Пристапено на 14.12.2016
- Здружение на новинари на РМ, http://znm.org.mk/?page_id=742 , Пристапено на 09.12.2016)
- Здружение на новинари, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440, Пристапено на 10.12.2016
- Здружение на новинари на РМ, Статут на ЗНМ од 2015,http://znm.org.mk/?page_id=1349, Пристапено на 10.12.2016
- ЗНМ, Документи , 2012, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, Пристапено на 10.12.2016
- ЗНМ, 2011, (http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270), Пристапено на 12.12.2016
- ЗНМ, Извештај за работата на ЗНМ 2013 УО (стр.3), http://znm.org.mk/?page_id=1362, Пристапено на 10.12.2016
- ЗНМ, Извештај за работата на ЗНМ 2013 УО (стр.3), http://znm.org.mk/?page_id=1362, Пристапено на 10.12.2016

- ЗНМ, Извештај за работата на ЗНМ 2013 УО (стр.4), http://znm.org.mk/?page_id=1362, Пристапено на 10.12.2016
- ЗНМ, Анализа на Нацрт - Законот за медиуми, ЗНМ мај 2013, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, Пристапено на 09.12.2016
- ЗНМ, Образложение на амандманот на законот за медиуми, 19.08.2013, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270, Пристапено на 09.12. 2016
- ЗНМ, Образложение на амандманот на законот за медиуми, 19.08.2013, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/270 , Пристапено на 10.12. 2016
- ЗНМ, Формиран советот за етика на медиумите на Македонија, 19 декември 2013, http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/711, Пристапено на 11.12.2016
- ЗНМ, „Акциски план ЗНМ-МИМ март 2012", Скопје http://znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Akciski%20plan_ZNM_MIM_22_March_mk.pdf
- Telegraf.mk, 2016, Прес-конференција на СЕММ, 29.06.2016 http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-sovet-za-etika-vo-mediumite-najmnogu-zalbi-za-nefer-izvestuvane-govor-na-omraza-i-za-kleveta.nspx, Пристапено на 10.12.2016
- Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012, стр.14 http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Registar-na dokumenti/PR2012_ MK3(2).pdf Пристапено на 10.12.2016
- МРТ јавен сервис на граѓаните? 2013,http://www.soros.org.mk/CMS/Files/Documents/ MRT-Javen-servis-na-gragjanite.pdf, Пристапено на 10.12.2016
- 24 Вести, Почна да функционира комисијата за жалби од медиумите, 30.09.2014, http://24vesti.mk/pochna-da-funkcionira-komisijata-za-zhalbi-od-mediumi, Пристапено на 11.12.2016
- Совет на Европа, http://www.coe.int/en/web/freedom-expression, Пристапено на 12.12.2016
- Службен весник на СРМ бр.20, стр 459, 29 април 1974 год. http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ A13900384849485BA96D4F3F2B8FE59B.pdf, Пристапено на 12.12.2016
- Службен весник на РМ, бр.100, 2005,http://www.slvesnik.com.mk/Issues/74AEA2A6F3A1454E895BE81FB97 AF16A.pdf, Пристапено на 11.12.2016

- Службен весник на РМ бр.184, 2013, Закон за аудио и аудиовизуелни услуги,(стр.31) http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf, Пристапено на 12.12.2016
- Службен весник на РМ бр 17, 2015 , Статут на Јавно радуидуфузно претпријатие МРТ, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/3972172cb0e147d5a200e237b5b7aad3.pdf, Пристапено на 12.12.2016
- Трпевска, Снежана, Јакимовски, Љубомир Шопар, Весна, Петковска, Билјана, Трајкоска Жанета, Анализа на јавната радиодифузија во Република Македонија во контекст на европската медиумска политика, 2010, Скопје ,http://www.vs.edu.mk/vs.edu.mk/attachments/1143_Analiza_na_javen_servis.pdf , Пристапено на 13.12.2016
- DW, ЗНМ: „ Владата има намера да го контролира СРД", 2011, http://www.dw.com/mk/знм-владата-има-намера-да-го.../a-15249092, Пристапено на 14.12.2016
- 4TH EUROPEAN MINISTERIAL CONFERENCE ON MASS MEDIA POLICY (PRAGUE, 7-8 DECEMBER 1994), https://wcd.coe.int/com.instranet.InstraServlet?command=com.instranet.CmdBlobGet&InstranetImage=411463&SecMode=1&DocId=517420&Usage=2 ,Пристапено на 14.12.2016
- FreedomHouse, https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2012/macedonia, Пристапено на 06.12.2016
- Telegraf.mk,2015,http://telegraph.mk/default.aspx?ItemId=07674e30-62b6-41b4-a5ca-9bd40154d9bd&newsArticleId=81c28d34-3ac7-44d5-b837-47c5810c2d0a&, Пристапено на 12.12.2016
- http://www.time.mk/c/408bc3f05c/mrt-so-pravilnik-za-izvestuvanje-za-vreme-na-izborite-se-obvrza-na-nepristrasnost.html, Пристапено на 13. 12.2016


## КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД АРХИВИ


- Архива на Здружението на новинарите, Статут на ЗНМ 1986,
- Архива на ЗНМ, Статут на ЗНМ од 2001год.
- Архива на ЗНМ, Статут на ЗНМ од 2010 год.
- Архива на ЗНМ, Анкета за основање саморегулаторно тело, 29.11.2012
- Архива на UdruzenjenovinaraSrbije, Dokumenti SNJ.

## КОРИСТЕНИ ИНТЕРВЈУА

- Интервју на Љубомир Јакимовски, 2012 за потребите на истражувањето на Транспарентност Македонија, Скопје
- Интервју на Насер Селмани, 2014, за потребите на магистерска теза
- „Компаративна анализа на моделите за саморегулација на медиумите‟, Универзитет „Св. Кирил и Методиј‟, Институт за социолошки и политичко правни истражувања, 25.12. 2014, Скопје
- Интервју со новинари од редакциите на двата програмски сервиси на МТВ, за оваа анализа, реализирано од 01.12.2016 до 6.12.2016

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.77:174.4(4+497.7)

ТУНЕВА, Марина
Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија / [автори Марина Тунева, Фиљана Кока]. - Скопје : Здружение на новинарите на Македонија, 2017. - 105 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон главите

ISBN 978-9989-2225-4-2
1. Кока, Фиљана [автор]
а) Етика во новинарството - Македонија б) Етика во новинарството - Европа в) Етика - Медиуми - Европа г) Етика - Медиуми - Македонија
COBISS.MK-ID 102523146




Здружение на новинарите на Македонија
Градски ѕид, блок 13, 1000 Скопје
Тел/Факс. +389 2 3 298 139
Е-пошта: contact@znm.org.mk
http://www.znm.org.mk

Konrad Adenauer Stiftung

Фондација Конрад Аденауер
Ристо Равановски 8, 1000 Скопје
Тел.: +389 2 3217 075
Факс.: +389 2 3217 076
Е-пошта: Skopje@kas.de
http://www.kas.de/mazedonien/mk/